# СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
# „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“
# ВАЛАНДОВО



# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

## СОДРЖИНА


1. Вовед------------------------------------------------------------------------------------------------3
2. Услови за работа и организација на работата------------------------------------------3
3. Ученици---------------------------------------------------------------------------------------------4
4. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО
4.1.Стручно усовршување на наставниот кадар за современи методи и техники во наставата и примена ИКТ алатки и содржини.------------------------------------------6
4.2. Примена на современи и активни методи и техники во наставата---------6
4.3. Вклученост на родителите во училишните активности------------------------7
4.4. Интензивирање и унапредување на соработката со бизнис секторот-----8
4. 5. Подобрување на инфраструктура во училишната економија--------------9
5. ПОСТИГНАТ УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ--------------------------------------------------10
7. ПОВЕДЕНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ--------------------------------------------------------14
8. ОСИПАНОСТ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ТЕКОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА--------------14
9. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ ------------------------------------14
10 . РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДРУГА НАСТАВА---------------------------------------------------18
11. ВОННАСТАВНИ ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ АКТИВНОСТИ------------------------18
12. УЧЕСТВО НА НАТПРЕВАРИ-----------------------------------------------------------------18
13. ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ--------------------------------------------------------------23
14. ОПШТЕСТВЕНО КОРИСНА И ХУМАНИТАРНА РАБОТА-----------------------------26
15. СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА---------------------------------------------29
16. ЕСКУРЗИИ И ПОСЕТИ-------------------------------------------------------------------------32
17. ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ И СЛОБОДНИ ЧАСОВИ ----------------------------------34
18. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ -------------------------------------------------------------35
19. Промовирање на училиштето пред деветтоодделенците---------------------------35
20. Извештај за работата на училишниот педагог--------------------------------------------36
21. Извештај за работата на специјалниот едукатор и рехабилитатор------------------39
22. Извештај за работата на стручните актив
*22.1 Стручен актив по македонски јазик и литература--------------------------43*
*22.2. Стручен актив по општествени предмети-----------------------------------45*
*22.3 Стручниот актив по странски јазици------------------------------------------47*
*22.4 Природно-математичкиот стручен актив-------------------------------------48*
*22.5 Стручниот актив по „Спорт и спортски активности'' ------------------49*
22.6 *Стручен актив на Земјоделско-ветернарна струка------------------------50*
23. Извештај од работата на Училишниот Инклузивен Тим---------------------------------52
24. Извештај за работата на Училишниот одбор при СОУ „Гоце Делчев“ –-----------55
25. ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА------------------------------------------------------57
26. Извештај за реализирани проекти-----------------------------------------------------57
27. МИО активности во училиштето -------------------------------------------------------60
28. Работата на ЕКО-одбор при училиштето ---------------------------------------------61
29. Извештај за матурски испит--------------------------------------------------------------64
30. Извештај за професионален развој на наставниците------------------------------------67
31. Прилози

# 1. Вовед

Цел на овој извештај е да ја прикаже работата и постигнатите резултати во воспитно-образовниот процес во учебната 2023/2024 година.

Составен дел се и табелите кои се во прилог и преку кои може да се направи поцелосен увид во постигнатиот успех на учениците во совладувањето на редовната настава, направените изостаноци, поведението на учениците, бројната состојба на учениците, преку кои можат да се прават разни анализи.

Постигнатиот успех на учениците во совладувањето на редовната наставна програма е анализиран исклучиво преку оценките на учениците што ги добиле по по одделните наставни предмети на крајот од учебната година, односно преку средната оценка на наставните предмети, паралелки, наставни години, струки и насоки и на ниво на училиште. Преку средната оценка по по одделни наставни предмети се изразува и степенот на совладаноста на наставната програма.

Во извештајот се обработени и условите во кои се реализирани поодделните делови од воспитно- образовниот процес, бројот на учениците, резултатите постигнати во различни воспитно - образовни активности, работата на стручните и управните органи во училиштето.

# 2. УСЛОВИ ЗА РАБОТА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТА

Средното општинско училиште,, Гоце Делчев“ Валандово , со седиште на ул. „Првомајска“ бр. 3, е воспитно- образовна институција и работи како јавно училиште. Истото е составен дел на воспитно-образовниот систем на средното образование во Република Северна Македонија. Училиштето ја организира и реализира работата настојувајќи што поуспешно да ги задоволи интересите и желбите на учениците за стекнување на средно гимназиско образование и стручно образование со четири годишно школување: Земјоделство, рибарство и ветеринарство, Здравство и социјална заштита и Машинство.

Во училиштето во текот на годината беа реализирани бројни форми на воннаставна работа со учениците со кои се правеа напори за изградба на слободно развиени личности. Преку севкупната работа во училиштето учениците како млади луѓе се воспитуваа, образуваа и оспособуваа за понатамошно образование, самообразование и за вклучување во работните процеси.

Воспитно- образовниот процес се одвивање во училишна зграда која, со корисна површина од 3223 $м^2$ , и наставата е кабинетска. Училиштето располага со сопствени отворени спортски терени од 4.000 $м^2$ и спортска сала.

Загревањето на училишната зграда се вршеше преку сопственото централно греење кое како гориво троши нафта, а снабдувањето беше редовно

---

Редовниот наставно -воспитен процес започна на 01. 09. 2023 година и првото

полугодие заврши на 30.12. 2023 год. Второто полугодие започна на 22.01.2024 година. Наставната година за учениците од завршната година заврши на 17.05.2024 година, а за прва, втора и трета година заврши на 10.06.2024 год. Наставно - воспитниот процес се одвива според Годишната програма за работа на училиштето.

Редовната настава беше организирана во петдневна работна недела се одвива во една смена со почеток во 7,30 часот.

Во реализирањето на редовниот наставно-воспитен процес беа вклучени 33 наставници, со соодветно високо образование.

Во одделението за стручна служба се вклучени педагог и специјален едукатор и рехабилитатор.

Реализирање на административно - техничките работи во училиштето ги извршуваат 7 лица;

Водењето на педагошката документација се одвивање во најдобар ред. Дневниците за работа беа навреме дистрибуирани. Предметните наставници навреме извршија планирање за реализирање на наставните програми. Раководителите на паралелките навреме изработија програми за работа. Предметните наставници на почетокот на годината ги планираа писмените работи. Беше извршено анкетирање на учениците за избор на проектни активности.

На крајот од првиот и третиот класификационен период, како и на крајот од првото полугодие на учениците им беа дадени евидентни листови во кои се внесени информации за постигнатиот успех по наставни предмети, изостаноци и поведението на учениците.

На крајот на наставната година на сите ученици што со успех ја завршија годината им беа дадени свидетелства за завршена година.

Во текот на годината, согласно законските одредби и годишната програма за работа на училиштето, беа изведувани: редовни испити што ги полагаа вонредните ученици, поправни и дополнителни испити.

По завршувањето на завршната година, учениците од четврта година од гимназиско образование и земјоделско-ветеринарната струка полагаа државна матура, училишна матура и завршен испит.

## 3. У Ч Е Н И Ц И

Во училиштето на крајот на наставната година евидентирани се 190 редовни ученици.

Вкупниот број на ученици во гимназиската насока изнесуваше 64, во земјоделско-ветеринарната струка во четирите години се школуваа 55 ученици, во машинска струка 51 ученици и во здравствена струка 20 ученици.

Според наставните програми што ги изучуваа учениците бројот е следниот:

**ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ:**

- I година: гимназиско образование,6 ученици;
- II година: гимназиско образование 11 ученици;
- III година: 18 ученици;
    - о општествено - хуманистичко подрачје 12 ученици;
    - о природно - математичко подрачје 6 ученици;

- IV година: 29 ученици;
  - опшествено хуманистичко подрачје    21 ученик;
  - природно - математичко подрачје    8    ученици;

**Сектор: ЗЕМЈОДЕЛСТВО, РИБАРСТВО И ВЕТЕРИНАРСТВО**

- I година: - Агротехничар/Техничар за фитомедицина, 11 ученици;
- II година: - Агротехничар / Техничар за фитомедицина 12 ученици;
- III година: - Агротехничар /Техничар за фитомедицина, 13 ученици
- IV година: - Агротехничар, 8 ученици /Техничар за фитомедицина, 19 ученици

**Сектор: ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

- I година: - Дентален асистент, 9 ученици;
- II година: - Дентален асистент, 5 ученици;
- III година: - Дентален асистент, 6 ученици;

**Сектор: МАШИНСТВО**

- I година: - Техничар за компјутерско управување, 20 ученици;
- II година: - Техничар за компјутерско управување, 15 ученици;
- III година: - Техничар за компјутерско управување, 16 ученици;

Во прва година се школуваа 46 ученици поделени во 4 паралелки од кои 1 гимназииска паралелка, 1 паралелка во секторот Земјоделство, рибарство и ветеринарство, 1 паралелка во секторот Машинство   и 1 паралелка во секторот Здравство и социјална заштита .

Во втора година се школуваа 43 ученици поделени во 4 паралелки од кои 1 гимназииска паралелка, 1 паралелка во секторот Земјоделство, рибарство и ветеринарство, 1 паралелка во секторот Машинство   и 1 паралелка во секторот Здравство и социјална заштита .

Во трета година се школуваа 53 ученици во 4 паралелки од кои 2 во гимназиско образование и 2 во секторот Земјоделство, рибарство и ветеринарство.

Во четврта  година се школуваа 48 ученици во 4 паралелки од кои 2 во гимназиско образование и 2 во секторот Земјоделство, рибарство и ветеринарство.

Следењето, поттикнувањето и оценувањето на резултатите на учениците беше составен дел и континуиран процес на севкупниот воспитно - образовен процес.

Запишувањето на учениците во прва година за учебната 2024/2025 година се спроведе согласно конкурсот објавен од Министерството за образование и се одвиваше за прв пат по електронски пат. Учениците сами се пријавуваа и ги доставуваа докментацјата на увид во училиштето. Критериумите за избор на учениците беа исти како и минатата година со вметнување на бодови од поведение и освоени награди на републички натпревари.  Рангирањето на пријавените кандидати се вршеше исклучиво врз основа на постигнатиот  успех во основното образование од шесто до деветто одделение. За да се излезе во пресрет на учениците кои немаат можност за електронско пријавување, во училиштето се формираа пунктови каде членови од уписната комисија им помагаа на учениците за

упис во прва година средно образование.

Оваа година беше распишан конкурс за запишување на 5 паралелки: 1 паралелка гимназиско образование, 1 паралелка земјоделско-ветеринарна струка со 2 профила –агротехничар и техничар за фитомедицина, 1 паралелка машинска струка- техничар за компјутерско управување, 1 паралелка здравствена струка- дентален асистент и 1 паралека електротехничка струка – електротехничар за компјутерска техника и автоматика.

Запишувањето на учениците се вршеше јунскиот уписен рок преку електронски пат од 20 до 25 јуни 20224 година- првото пријавување и на 1 и 2 јули 2024 година второто пријавување.

Запишувањето на учениците во втора, трета и четврта година се врши на крајот на учебната 2023/24 година.

Образовната практика беше реализирана согласно планираното.

# 4. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО

## ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ И ПРИОРИТЕТИ

За учебната 2022/23 година беа планирани следните приоритети:

1. Стручно усовршување на наставниот кадар за современи методи и техники во наставата и примена во реализацијата на наставните содржини.

2. Вклученост на родителите во училишните активности.

3. Интензивирање и унапредување на соработката со бизнис секторот.

4. Подобрување на инфраструктура во училишната економија.

### 4.1. Стручно усовршување на наставниот кадар за современи методи и техники во наставата и примена во реализацијата на наставните содржини.

Наставниот кадар континуирано се едуцираше и стручно усовршуваше во текот на целата учебна година. Покрај индивидуалното стручно усовршување преку користење на електрнските алатки наставниците имаа прилика да учествуваат на неколку обуки во училиштето и надвор од училиштето. Сите обуки на кои присуствуваа нашите наставници се презентирани во табелата подолу. Во рамките на ова подрачје беа одржани обуки на темите “ Начини на превенција и справување со насилство во училиштето“, “Развивање и примена на критичко мислење кај учениците на часот“, “Инклузивна педагогија и др.

На почетокот на учебната година сите наставниците имаа можност да ја посетат обуката која беше реализирана во училиштето на тема „Методи и техники во

наставата“. Обуките беа реализаирани во училиштето, а предавачи беа наставници од нашето училиште кои преку дисеминација го споделија своето искуство и знаење. Преку електронски прашалник наставниците беа анкетирани за видот на обукте кои ги имаат посетувано и кои наставни форми и наставни стратеги ги употрбуваат во работата со учениците. Анализата на добиените податоци се обработи дигитално и се изработи наративен извештај. Добиените податоци се искористија за подобрување на квалитетот на наставата, и потребата од организирање на интерни обуки во училиштето. За дел од наставниціте беше организирана интерна обука со демонстрација на нови наставни стратегии кои може да се применуваат во работата со учениците.

Во текот на наставната година наставниците преку тематските и дневните оперативни планови ја планираа работата на часот и примената на техниките во наставата.

Врз основа на планирањата на наставниците, од посетите на часови и следењето на наставата направена е кратката евалуација на приемна на методи и техники во наставата. Во февруари беше спроведено истражување со наставниот кадар за методите, формите и нивна примена на нови наставни форми и методи во наставата. Може да се каже дека резултатите покажуваат дека наставните методи влијаат врз усвојувањето на занењата на учениците. Најголем број наставници имаат посетувано обуки за примена на нови наставни форми и методи. Во наставата застапени се методите на разговор, дијалог, презентација, истражувачкиот метод, дискусија, практична работа, итн. Користени се и многубројни наставни техники во зависност од наставниот предмет и типот на часот. Од нив би ги издвоиле: прашања и одговор, бура на идеи, дебата, квиз, грозд ,коцка итн.

Примената на активни методи и техники во наставата останува како битен елемент во пренесувањето на знаењата и нивната примена ќе следи и во наредната учебна година.

### 4.2. Вклученост на родителите во училишните активности

Од работата на тимот за соработка со родители 2022/2023 год.

На почетокот на учебната година од страна на тимот за соработка со родители беше приложена програма која требаше да се следи во текот на целата учебна година.Уште на почетокот да нагласам дека соработката со родителите не беше ни блиску со она што беше зацртано во програмата.

Во текот на месец Октомври беше замислено да се присуствува на час или активност водена од родител на наше дете/ученик и тоа беше реализирано и тоа со присуство на родител –излагател на активност поврзано со предавање за прва помош во училиштето.

Следната активност која беше ставена во програма беше ,заеднички спортски натпревар помеѓу родители и деца,и во врска со тоа во месец декември некаде пред новогодишните празници беше одржана одбојкарски натпревар помеѓу родители и деца.

За остатокот од активностите кои беа планирани, добро осмислени и прилично едноставни за реализирање,не се успеа да се издејствува да се привлечат и донесат

родителите во училиште а уште помалку да учествуваат во нив.Општо и заедничко мислење на сите членови на тимот ,кои индивидуално сите прифатија да реализираат дел од активностите,родителите се малку ,ако не и воопшто не заинтересирани за она што нивните деца го прават  или се обидуваат да го прават заедничко во училиштето.

Како мислење,или размислување, од членовите на тимот е дека,уште на почетокот на следната учебна година ,уште на првите родителски средби заедно или со класовите поединачно ,да им се укажува на родителите дека нивнатото присуство во училиштето е потребно,било како активност изготвена од тимот или како активност која тие би ја предложиле да се исполни заедно со нивните деца,или дел од нив.

Милка Каракотева

**4.3. Интензивирање и унапредување на соработката со бизнис секторот**

Според програмата предвидена во Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2022/23 за оваа подрачје се формираше тим за работа. Тимот го сочинуваа директорот, стручната служба на училиштето и координаторот на струки.

Во оваа учебна година нашето училиште реализираше  настава со физичко присуство.Во училиштето покрај земјоделска струка има здравствена и машинска струка. Потребно е да се истакне соработката со повеќе компании кои со нивната работа соодветствуваат со потребите и реализацијата на програмата за работакои произлегуваат од дуалното образование. Учениците реализираа учење преку работа во училиштето и во компаниите со кои се потпишани меморандуми за соработка. Меморандумите за соработка со компаниите во текот на учебната година ги потпишавме уште еднаш за да може да се реализира грантот кој нашето училиште го доби од РЦФ фондацијата. Соработката  со компаниите се одвиваше преку наставниците одговорни за реализација на учење преку работа, учениците кои директно реализираа пракса во компаниите и менторите од компаниите.

Компании во кои учениците го  реализираа предметот Учење преку работа и Феријалната практика во  оваа учебна година се:

- Оранжерии ,,Анскарека`` Валандово
- ,,Пегоагрофруит``Валандово
- ,,Дојранстил`` Дојран
- ,,ФансиКорнер Цопанелис``Валандово
- ,,Хортена`` Богданци
- ,,Дим Комерц`` Валандово
- ,,Тера мегдан`` Валандово
- ,,Глобал трејд`` Валандово
- ПЗУ ,, Аспра дент`` Валандово
- ПЗУ ,,Д-р Тошеви`` Валандово
- ,,Љотич`` с. Пирава
- ,,М Д Страиште`` Валандово

- ЈЗУ,,Здравствен Дом'' Валандово
- ,,Агромол Мицеви'' Јосифово

- **Соработка со бизнис секторот- машинска струка**

СОУ,, Гоце Делчев " има одлична соработка со фирмите и компаниите во Општината и околните Општини во секторот машинство. Во учебната 2023/2024 година потпиша меморандуми за соработка со голем број на компании од нашата Општина и тоа: ,, Баки Сале" - с. Јосифово, ДТП ,, Серво Волан"ДООЕЛ - Валандово , ДПТУ ,, Нама Текс"ДООЕЛ – Валандово, ,, Дим Комерц "- Валандово, ДГТ ,, Жикол"ДООЕЛ – Валандово и компаниите од околните Општини ,, Гемаплас Тим"ДООЕЛ - Гевгелија и ,, Ване Видеа"ДООЕЛ – Гевгелија . Соработката продолжи со компаниите кои претходно имаме потпишано меморандум за соработка како што се ,, М.Д .Страиште "- Валандово и ,, Дојран Стил "ДООЕЛ - с. Николиќ - Дојран и Фанси Корнер Цопанелис- Валандово .

Сите овие компании ги отворија своите врати , капацитети и ментори (вработени лица ) за да нашите ученици го реализираат предметот Учење преку работа кај работодавач и Феријалната практика.

- **Соработка со бизнис секторот- здравствена струка**

СОУ,, Гоце Делчев " има одлична соработка со стоматолошките ординации во Општината и околните Општини. Потпишани се голем број меморандуми за соработка со стоматолошки ординации и стоматолошки клиники. Стоматолошките ординации со кои соработува СОУ "Гоце Делчев" – Валандово се:

1. ПЗУ "Аспра-дент" – Валандово
2. ПЗУ "Д-р Филип Тошев" – Валандово
3. ПЗУ "Коцевски" – Валандово
4. ПЗУ "Д-р Александар" – Валандово
5. ПЗУ "Д-р Константин Гетов" – Валандово

Стоматолошки ординации во околните Општини се:

1. ПЗУ "Полиаспра-дент" – Стар Дојран
2. ПЗУ "Д-р Ангела Мурџева" – Гевгелија
3. ПЗУ "ВУ-дент" – Гевгелија
4. ПЗУ "Д-р Македонка Јовановска" – с.Миравци

Сите овие ординации ги отворија своите врати за да може нашите ученици да го реализираат предметот Учење преку работа и Феријалната практика.

## 4. 5. Подобрување на инфраструктура во училишната економија

Во учебната 2022/23 година се подготвуваше план и буџет за изградба на нов стакленикод 200м$^2$ за одржливо производство на градинарски култури на нова локација во училишната економија .

Финансиските средства се обезбедини преку грант од страна на Општина Валандово, а во соработка со Турската агенција за соработка и координација (**ТИКА**).

Исто така во втората половина од учебната година се подготвуваше проектна документација за аплицирање на гранд од Јапонската амбасада за реновирање на сите санитарни јазли во училиштето и изградба на нови **тоалети** адаптирани за лица со попреченост.

## 5. ПОСТИГНАТ УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ

Успешното реализирање на наставната програма, усвојувањето на знаења и постигнувањето на што повисок успех во сите делови на наставниот процес беше постојана грижа на секој предметен наставник како поединец, на раководителот на паралелката, директорот и посебно на стручните активи, како и на останатите стручни и управни органи. И во оваа учебна година за оваа цел посебно внимание беше посветено на планирањето и подготовката на воспитно- образовниот процес, на следењето и вреднувањето на знаењата на учениците и на соработката со родителите. Наставата се реализираше со примена на мерките за заштита од Корона со носење на заштитни маски од учениците и наставниците за време на часовите.

И во оваа учебна година дополнителната настава и консултациите се главната форма преку која на учениците со послаб успех наставниците им помагаа во поуспешното совладување на наставната програма .

Стручните органи: Советите на паралелките, Наставничкиот совет и стручните активи го разгледуваа текот на наставата и постигнатиот успех во секој класификационен период, притоа носеа и посебни заклучоци за подобрување на успехот на учениците. Оценувањето на знаењата на учениците се вршеше континуирано и од страна на сите наставници беше запазена обврската за најмалку две оценки за секое полугодие. Покрај усното проверување најголемиот број предметни наставници го применуваа тестот но и другите писмени форми на проверување на знаењата на учениците. Сепак останува сознанието дека на објективизирањето на знаењата на учениците мора постојано да се работи пред се со примена на разни форми за оценување.

Просечниот успех на учениците на ниво на училиште изнесува 3,72 и споредено со ланскиот бележиме зголемување за 0,16.

Во учебната 2023/2024 година во СОУ „Гоце Делчев“ Валандово се школуваа 190 ученици од кои 76 женски и 114 машки. Во гимназиско образование се опфатени 68 ученици, додека во стручното образование во земјоделско-ветеринрна струка /сектор Земјоделство, рибарство и ветеринарство опфатени се 55 ученици, во секторот Здравство и социјална заштита 20 ученици во секторот Машинство 32 ученици. Во училиштето има вкупно 16 паралелки.

**Гимназиско образование**

**Во I година** гимназија запишани се 6 ученици. Општштиот успех е следниот: 2 имаат одличен успех и 3 добар успех. Највисок среден успех има постигнато по ликовна уметност 5,00, спорт и спортски активности 5,00, биологија 4,00 итн. Најнизок успех бележиме кај историја, англиски јазик и македонски јазик 3,00 итн. Средниот успех изнесува 3,82 и спореден со ланскиот е намален за 0,82.

**Во втора година** гимназија во оваа учебна година се школуваат 11 ученици. Општиот успех на учениите е следниот: 8 одлични и 3 мн. добри или 11 (100%) од учениците завршиле година во јуни. Највисок среден успех има постигнато по

ликовна уметност 5,00, музичка уметност 5,00, спорт 5,00, историја 5,00 итн. Најнизок среден успех има по математика 4,09, англиски јазик 4,18, биологија 4,45 итн. Средниот успех изнесува 4,34 и спореден со ланскиот е зголемен за 0,37.

**Во трета година** гимназија во оваа учебна година се школуваа 18 ученици. Средниот успех изнесува 4,37 и за 0,32 е зголемен споредено со минатата учебна година.

Во **општествено- хуманистичкото подрачје** опфатени се 12 ученици. Средниот успех на ова подрачје изнесува 3,82 и во споредба со ланскиот е зголемен за 0,45. Општиот успех е следниот: 4 одлични, 6 мн. Добри и 2 добри. Највисок успех има по етика 5,00, латински јазик 5,00, вовед во правото 5,00 итн. Најнизок успех има по математика 2,58, хемија 3,75, биологија 3,75 итн.

Во **природно-математичкото подрачје** од истата наставна година се опфатени 6 ученици. Средниот успех изнесува 4,20 и за 0,66 е намлен во споредба на лани. Општиот успех е следниот: 3 одлични и 3 мн. добри. Највисок успех има по линеарна алгебра 5,00, алгебра 5,00, програмски јазици 5,00 итн. Најнизок по француски ј 4,50, биологија 4,67, физика 4,67 итн.

**Во четврта година** гимназија во оваа учебна година се школуваа 29 ученици. Средниот успех изнесува 4,02 и спореден со ланскиот е намален за 0,26.

Во **општествено-хиуманистичкото подрачје** опфатени се 21 ученици. Средниот успех во ова подрачје изнесува 4,05 и за 0,94 е зголемен во споредба со лани. Општиот успех е следниот: 8 одлични, 8 мн.добри, 5 добри и 2 ученици имаат по 2 недоволни оценки. Највисок успех има по логика 5,00, менаџмент и бизнис 5,00, етика 5,00 итн. Најнизок има по математика 2,92, филозофија 3,64, физика 3,75 итн.

Во **природно-математичкото подрачје** од истата наставна година се опфатени 8 ученици. Средниот успех изнесува 4,60 и за 0,51 е зголемен во однос на лани. Општиот успех е следниот: 7 одлични и 1 мн добар . Највисок успех има по предметите биологија 5,00 , алгебра 5,00, географија 5.00, спорт 5,00 итн. Понизок успех има по предметите хемија 4,50 , француски ј 4,56 итн.

Во гимназиско образование општиот успех е следниот: 35 одлични, 18 мн.добри, 10 добри или 63 (97,4%) од учениците во гимназија ја завршиле годината и 1 ученик полага испит на годината. Средниот успех во гимназиска насока изнесува 4,12 и спореден со ланскиот е зголемен за 0,03.

**Сектор: Земјоделство, рибарство и ветеринарство.**

**Во I година** квалификации агротехничар и техн. за фитомедицина се 11 ученици во. Општштиот успех е следниот: 1 мн. добар, 5 добри и 5 ученици полагаат испит на годината. Највисок среден успех има постигнато по хигиена и безбедност на храна 4,12, земјоделство, рибарство и ветеринарство 4,25, агромтерологија 3,38 итн. Најнизок успех бележиме кај англиски ј 1,89, физика 1,89 итн. Средниот успех изнесува 2,94 и спореден со ланскиот е намален за 0,21.

**Во втора година** квалификации агротехничар и техн. за фитомедицина се школуваат 12 ученици. Општиот успех на учениите е следниот: 3 одлични, 2 мн. добри, 4 добри или (75%) од учениците завршиле година во јуни 1 ученик има 2 недоволни оценки и 2 ученици ќе полагаат испит на годината. Највисок среден успех има постигнато по учење преку работа кај работодавач 4,60, заштита на животната средина и поледелско, градинарско и цвеќарско производство 4,50, лозаро

овоштарско производство 4,50 итн. Најнизок среден успех има по хемија 2,50, математика 3,10, англиски ј 3,10 итн. Средниот успех изнесува 3,64 и спореден со ланскиот е зголемен за 0,30.

**Во трета година** квалификации агротехничар и техн. за фитомедицина се школуваат 13 ученици. Општиот успех на учениците е следниот: 4 одлични,3 мн. добри и 1 доволен или (84%) од учениците завршиле година во јуни, со 2 недоволни е 1 ученик и 1 ученик ќе полага испит на годината.Највисок среден успех има по фитифармација 4,17,плевели кај земјоделските растенија 4,17, штетници кај растенијата 4,17 итн. Најнизок среден успех има полјоделство 2,05, градинарство 2,05, македонски јазик 2,92 итн. Средниот успех изнесува 3,60 и спореден со ланскиот е зголемен за 0,57.

**Во четврта година** квалификации агротехничар и техн. за фитомедицина се школуваат 19 ученици. Општиот успех на учениите е следниот: 3 одлични, 3 мн. добри, 10 добри и 2 доволни или (80%) од учениците завршиле година во јуни а со 2 недоволни оценки е 1 ученик. Највисок среден успех има постигнато по спорт и спортски активности 5,00, учење преку работа кај работодавач 3,69, бизнис и претприемништво 3,57 итн. Најнизок среден успех има по полјоделство 2,58, англиски јазик 2,71,лозарство 2,92, македонски јазик 2,88 итн. Средниот успех изнесува 3,27 и спореден со ланскиот е намален за 0,03.

Во Земјоделско-ветеринарната струка – сектор Земјоделтво,рибарство и ветеринарство, квалификации агротехничар и техн. за фитомедицина општиот успех е следниот: 10 одлични, 9 мн.добри, 22 добри и 3 доволни или вкупно 44 (80%) од учениците завршиле година во јуни, 3 ученици имаат по 2 недоволни оценки и 8 ученици ќе полагаат испит на годината. Средниот успех во секторот Земјоделство, рибарство и ветеринарство изнесува 3,34 и спореден со ланскиот е зголемен за 0,15.

**Сектор Здравство и социјална заштита, квалификација дентален асистент**

**Во прва година** од секторот Здравство и социјална заштита, квалификација дентален асистент се школуваат 9 ученици. Општштиот успех е следниот: 4 имаат постигнато одличен успех , 1 мн. добар успех и 4 добри. Највисок среден успех има постигнато по спорт 4,55, систем на здравствена и социјална заштита 4,44, музичка култура 4,40 итн. Најнизок успех бележиме кај математика , биологија и историја 3,44 итн. Средниот успех изнесува 3,94 и спореден со ланскиот е намален за 0,52.

**Во втора година** од секторот Здравство и социјална заштита, квалификација дентален асистент се школуваат 5 ученици. Општиот успех на учениите е следниот: 2 одлични и 3 мн. добри или (100%) од учениците завршиле година во јуни. Највисок среден успех има по учење преку работа кај работодавач 5,00, администрирање во денталната пракса 5,00, спорт и спортски активности 5,00 итн. Најнизок среден успех има по микробиологија со епидемиологија 3,20, физика 3,60, биологија 3,60 итн. Средниот успех изнесува 4,27 и за 0,11 е намален.

**Во трета година** од секторот Здравство и социјална заштита, квалификација дентален асистент се школуваат 6 ученици. Општиот успех на учениите е следниот: 4 одлични и 2 мн. добри или (100%) од учениците завршиле година во јуни. Највисок среден успех има по учење преку работа кај работодавач 5,00, биологија 5,00, спорт и спортски активности 5,00 итн. Најнизок среден успех има по фармакологија 4,20,превентивна дентална медицина 4,20 итн. Средниот успех изнесува 4,55..

**Во секторот Здравство и социјална заштита,** квалификација дентален асистент општиот успех е следниот: 10 одлични ,6 мн.добри и 4 добри или (100%) од учениците ја завршиле годината . Средниот успех во изнесува 4,25 и спореден со ланскиот е намален за 0,17.

**Сектор Машинство, квалификација техничар за компјутерско управување**

**Во прва година** од секторот Машинство, квалификација техничар за компјутерско управување се школуваат 20 ученици. Општштиот успех е следниот: 3 има постигнато одличен успех, 2 мн. добри, 7 добри, 3 доволни, 1 има 2 недоволни и и 4 ученици ќе полагаат испит на годината. Највисок среден успех има постигнато по спорт 5,00, граѓанско образование 3,31, музичка култура 3,26 итн. Најнизок успех бележиме кај машинство и други сектори 2,53, технологија на обработка 2,65 итн. Средниот успех изнесува 3,16 и спореден со ланскиот е намален за 0,24.

**Во втора година** од секторот Машинство, квалификација техничар за компјутерско управување се школуваат 15 ученици. Општиот успех на учениите е следниот: 1 одличен, 1 мн. добри, 8 добри или (67%) од учениците завршиле година во јуни.Со 1 недоволна има 4 ученици и 1 ученик е со 2 недоволни оценки Највисок среден успех има постигнато по учење преку работа кај работодавач 4,27, компјутерско моделирање и конструирање 3,67 итн. Најнизок среден успех има по термодинамика 2,07, електротехника 2,13, математика 2,20 итн. Средниот успех изнесува 2,97 и споредено со ланскиот е намален за 0,58.

**Во трета година** од секторот Машинство, квалификација техничар за компјутерско управување се школуваат 16 ученици. Општиот успех на учениите е следниот: 2 одличен, 4 мн. добри, 10 добри или (100%) од учениците завршиле година во јуни. Највисок среден успех има постигнато по спорт 5,00, учење преку работа кај работодавач 4,56, организациско однесување 3,81 итн. Најнизок среден успех има по математика 2,31, индустриска роботика 2,44, мерење во автоматика 2,68 итн. Средниот успех изнесува 3,31.

Во секторот Машинство, квалификација техничар за компјутерско управување општиот успех е следниот: 6 одлични, 7 мн.добри, 25 добри и 3 доволни или вкупно 41 (80%) од учениците ја завршиле годината. Со 1 недоволна се 4 ученици, со 2 недоволни се 2 ученици 4 ученици полагаат испит на годината . Средниот успех во секторот Машинство изнесува 3,15 и спореден со ланскиот е намален за 0,33.

На ниво на училиште општиот успех на учениците е следниот: 61 одлични, 40 мн.добри, 61 добри и 6 доволни или 168 (88,4%) од учениците ја завршиле годината ,4 ученици имаат по 1 недоволна оценка, 5 ученици имаат по 2 недоволни оценки и 13 ученици ќе полагаат испит на годината. Средниот успех изнесува 3,74 и спореден со ланскиот е зголемен за 0,02.

Во учебната 2022/23 година регистрирани се вкупно 11278 изостаноци од кои 10530 оправдани и 1198 неоправдани. Во гимназиско образование има 2171 изостаноци, во секторот Земјоделство , рибарство и ветеринарство 3505 изостаноци, во секторот Здравство и социјална заштита 1022 и во секторот Машинство 5030 изостаноци.

По завршувањето на поправните испите во јунската и августовска сесија успехот е следен:61 одлични, 40 мн. Добри, 66 добри и 14 доволни ученици.

## 7. ПОВЕДЕНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

При определувањето на поведението на секој поединец главно влијание имаше постигнатиот успех во совладувањето на редовната настава и редовноста во следењето на истата.

Со цел педагошки да се влијае врз поведението на учениците и да се подобри состојбата, во текот на годината, согласно одредбите од Статутот на училиштето и според Упатството за начинот на изрекување на педагошки мерки, на учениците им беа изрекувани педагошки мерки заради недисциплина или неоправдано отсуство од настава.

Главно врз основа на постигнатиот успех и бројот на неоправданите изостаноци во текот на годината на крајот на годината како и според тоа дали на учениците имаат изречено некоја пеагошка мерка. Од вкупно 190 ученици (81%) ученици имаат примерно поведение, (9%) имаат добро поведение и 10% имаат незадоволително поведение.

## 8. ОСИПАНОСТ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ТЕКОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА

Во текот на учебната 2023/24 година од училиштето се отпишале 2 ученици.

## 9. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ

| Наслов на обуката | Име и презиме на наставникот | Добиен сертификат ДА/НЕ | Времетраење на обуката во часови | Дата и место на одржување |
|---|---|---|---|---|
| “Начини на превенција и справување со насилство во училиштето“ | Љубица Невеселова, Радомир Кнежевиќ, Марјан Терзиев, Јаворка Стојанова, Милан Гугицев, Ангелина Занова, Милка Каракотева, Бранко Георгиев, Марија Узунов, Стојан Манолев, Тања Тунгелова Кимова, Зоран Јовановиќ, Марјан лазаров, Александар Пандов, Селами тахир, | не | 3 часа | 12.12.2023 г |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Елизабета Чилевска Пандева,Елена Гошевска, Слободан Митков, Марија Коцева, Младен Костадинов, Зорица Маркова, Даниела Ѓеоргиева, Елисавета Занова и Златко Митков | | | |
| “Промоција на безбедна училишна средина“. Развивање политика за заштита на децата | Сите наставници | да | | 18.05.2024 Валандово |
| Современи педагошки пристапи за подобро срручно образование и образование на возрасни | Сите наставници | да | 14 часа | 16.01.2024 СОУ „Гоце Делчев“ Валандово |
| Обуката за обучувачи по педагошки приоди | Љубица Невеселова Емилија Зафирова Петков | Да | 7 часа | **14 декември 2023 година во Хотел „ Сириус** “ - **Струмица** |
| Step by step In 3D printing (Erasmus+) | Владимир Пилиповиќ | ДА | | 04.02-09.02 2024 Пирот, Р.Србија |
| Step by step In 3D printing (Erasmus+) | Владимир Пилиповиќ | ДА | | 25.03-29.03 2024 Валандово, Р.Македонија |
| “Современиот наставник применува и развива кај учениците критичко мислење“ | Владимир Пилиповиќ Ленче Вешковиќ Марија Узунов Васе Митев | ДА | | 17.04.2024 Гевгелија |
| Дигитални вештини кај наставниците во функција на наставата | Владимир Пилиповиќ | Во очекување (Pending) | | 11.06.2024 Богданци |
| ВЕШТИНИ ЗА ДИГИТАЛНА ПИСМЕНОСТ КАКО КЛУЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ НА НАСТАВНИЦИТЕ СОГЛАСНО | Емилија Зафирова Петков<br>Марија Узунов<br>Елизабета Чилевска Пандова | | 5 часа | 16.08.2024 онлајн |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| НАЈДОБРИТЕ ЕУ ПРАКТИКИ | | | | |
| ОБУКА НА ОБУЧУВАЧИ ЗА КРЕИРАЊЕ НА ДИГИТАЛНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА УЧЕЊЕ | Емилија Зафирова Петков<br>Марјан Лазаров<br>Александар Пандов | | 5 часа | 17.08.2024 |
| Инклузивна Педагогија | Емилија Зафирова Петков<br>Васе Митев<br>Ташка Гетова<br>Љубица Невеселова<br>Ленче Вешковиќ<br>Марија Узунов<br>Елизабета Чилевска Пандева<br>Драгица Дончева Накова<br>Александар Пандов<br>Тања Наумова<br>Владимир Пилиповиќ<br>Ангелина Занова<br>Марјан Терзиев<br>Тања Тунѓелова Кимова<br>Марјан Лазов<br>Елена Гошевска<br>Марија Коцева<br>Ѓорги Гугицев<br>Валентина Трајановска<br>Сељами Тахир<br>Јавора Стојановска | | 10 часа (2 дена, 5 часа на ден) | 19-20.08.2024 |
| Обука на обучувачи за методи на поучување за активирање на учениците, формативно оценување, поддржувачка и инклузивна средина за учење и самооценување и меѓусебно оценување на наставниците | Васе Митев<br>Ташка Гетова<br>Љубица Невеселова<br>Елизабета Чилевска Пандова<br>Емилија Зафирова Петков<br>Сељами Тахир<br>Јаворка Стојановска<br>Ленче Вешковиќ | | 24 часа (3 дена, 8 часа на ден) | 21,22,23.08.2024г. |
| ДИГИТАЛНА ТЕХНОЛОГИЈА СО ФОКУС НА УЧЕНИЦИ ОД МАРГИНАЛИЗИРА | Емилија Зафирова Петков<br>Васе Митев<br>Ташка Гетова<br>Љубица Невеселова | | 5 часа | 27.08.2024 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| НИ ГРУПИ | Ленче Вешковиќ<br>Бранко Ѓоргиев<br>Елизабета Чилевска Пандева<br>Сељами Тахир<br>Александар Пандов<br>Марија Узунов<br>Милан Гугицев<br>Ангелина Занова<br>Марјан Терзиев<br>Тања Тунѓелова Кимова<br>Стојан Манолев<br>Елена Гошевска<br>Марија Коцева<br>Милка Каракотева<br>Васко Узунов<br>Тања Наумова<br>Владимир Пилиповиќ<br>Ристе Стојанов<br>Драгица Дончева Накова<br>Дарко Калковалиев<br>Ѓорги Гугицев<br>Марјан Лазов<br>Златко Јанчев<br>Слободан Митков | | | |
| “Спречување на предверемено напуштање на образованието и охрабрување за комплетирање на задолжителното образование “ | Васе Митев<br>Емилија Зафирова Петков | | | 11.06.2024<br>Битола |
| Меѓународниот симпозиум “ Медиумска писменост во добата на вештачка инетелегенција; Проширување на границите на возможното“ , | Васе Митев | не | | 29,02,2024<br>Скопје |
| Васе Митев „Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на стручното образованието и образованието за возрасни“ | Васе Митев | да | | 12.03.2024<br>Велес |

## 10 . РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДРУГА НАСТАВА

Покрај редовната настава во текот на учебната 2022/2023 година наставниците изведуваа и дополнителна настава за учениците кои не успеале да совладаат определен содржини во текот на редовната настава како и додатна настава за надарените ученици што воедно претставуваше и нивна подготовка за учество на натпревари. За дополнителната и додатната настава до 20 септември 2022 година беше изготвен распоред за одржување на истите. Одржани се вкупно 81 часови на дополнителна настава и 70 часа додатна настава.

## 11. ВОННАСТАВНИ ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ АКТИВНОСТИ

Пригодна програма учениците и наставниците подготвија и презентираа при одбележувањето на парониот празник на училиштето.

Учениците учествуваа на работилница за препознавање на булинг-врсничко насилство и други видови насилство со цел препознавање, превенција и постапување во конкретна ситуација на булинг.

Традиционално и оваа година учениците од земјоделско-ветеринарна струка со преку посебна програма учествуваа во одбележувањето на денот на лозарите “Св.Трифун“ на површините на училишната економија со традиционално закројување на лозјето .

Ученици од училиштето беа гости во Europe house-Струмица со цел запознавање со работата и активностите на оваа младинска канцеларија. Имаа кратка дискусија и ги изразија своите ставови околу активностите кои заеднички би ги реализирале .

Тим од ученици беа учесници во активности за Божиќната валандовска ноќ во центарот на градот .

Ученици присуствуваа и учествуваа во програмата на Фестивалот “Хид Бах Шен Фест“во с. Башибос во делот на “Пролетните веселби“ и обичаите кој е под заштита на Унеско.

## 12. УЧЕСТВО НА НАТПРЕВАРИ

Во текот на учебната **2023/2024** година нашите ученици учествуваа на општински, регионални,републички натпревари и меѓународни натпревари по следните предмети и области:

| Вид на натпревар | Наставник ментор | Ученик | Освоено место, награда, признание | Дата и место на одржување |
|---|---|---|---|---|
| Општински натпревар по математика | Александар Пандов | Александар Павлов | 3. награда | 2.2.2024, Валандово |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Општински натпревар по математика | Александар Пандов | Надица Близнаковска | 3. награда | 2.2.2024, Валандово |
| Регионален натпревар по математика | Александар Пандов | Надица Близнаковска | Пофалница | 2.3.2024, Валандово |
| Државен натпревар | Александар Пандов | Надица Близнаковска | Признание за учество | 30.3.2024 |
| Државен натпревар | Александар Пандов | Александар Павлов | Признание за учество | 30.3.2024 |
| Државен натпревар | Александар Пандов | Јордан Стојаноски | 2. награда | 16.3.2024, онлајн |
| Државен натпревар | Александар Пандов | Александар Павлов | 2. награда | 16.3.2024, онлајн |
| Државен натпревар | Александар Пандов | Ивана Коколанска | 3. награда | 16.3.2024, онлјан |
| Државен натпревар | Александар Пандов | Надица Близнаковска | 3. награда | 16.3.2024, онлајн |
| Државен натпревар | Александар Пандов | Давор Кавазов | Сертификат за учество | 16.3.2024, онлајн |
| Државен натпревар | Александар Пандов | Ивана Гугуљанова | Сертификат за учество | 16.3.2024, онлајн |
| Бизнис концепт за Зелени иновации “Најдобар бизнис план” | Елена Гошевска | Јордан Стојаноски, Александар Павлов, Надица Тошева и Ивана Гугуљанова | Освоено I-во место | 23.03.2024, Машински Факултет Скопје |
| Интернационален натпревар за Најдобар бизнис концепт за Зелени иновации | Елена Гошевска | Јордан Стојаноски, Александар Павлов, Надица Тошева и Ивана Гугуљанова | Освоено III-то место | 15.04.2024-19.04.2024 Австрија, Грац |
| Образовно рандеву МАССУМ – 2024 категорија: Најдобар Маркетинг план | Елена Гошевска | Јордан Стојаноски, Александар Павлов, Надица Тошева и Ивана Гугуљанова | Освоено III-то место | 10.05.2024 Радовиш |
| Учество на Конкурс за најдобра песна на тема „Куќа цел свет братски ми е...“ | Валентина Пандова | Кристина Танчева | / | 01.03.2024 МОН, пратено преку пошта |
| Регионален натпревар по македонски јазик и литература | Валентина Пандова | Кристина Танчева | Благодарница | 13.04.2024 ООУ „Страшо Пинџур“ - Неготино |
| Конкурс за најубав кириличен ракопис | Валентина Пандова | Дончева Илина | Втора награда | 20.05.2024 ЛУБ „Благој |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| на тема „Кирилицата е нашата азбука“ | | | | Јанков Мучето“ – Струмица |
| Конкурс за најубав кириличен ракопис на тема „Кирилицата е нашата азбука“ | Валентина Пандова | Антонио Ѓорѓиев | Трета награда | 20.05.2024 ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ – Струмица |
| Конкурс за најубав кириличен ракопис на тема „Кирилицата е нашата азбука“ | Валентина Пандова | Трајков Бранко | Трета награда | 20.05.2024 ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ – Струмица |
| Тракторски натпревар -калемење | Ристе Стојанов | Мартин Ристов | Второ место | 15.05.2024 год. Ресен |
| Државен тракторски натпревар -вешто возење | Ристе Стојанов | Емирџан Далипов | Второ место | 15.05.2024 год. Ресен |
| МАССУМ Соло пеење | Младен Костадинов | Ивана Коколанска | Прво место | 10,05,2024 Радовиш |
| МАССУМ Маркетинг план | Елена Гошевска | Јордан Стојаноски, Александар Павлов, Надица Тошева и Ивана Гугуљанова | Трето место | 10,05,2024 Радовиш |
| МАССУМ Училиштен штанд | Васил Узунов | Медине Бериша, Берфин Осман, Ана-Марија Пејовска и Јован Прнарков. | Трето место | 10,05,2024 Радовиш |

- *Државен натпревар по биологија- 18. 05. 2024 г.*

- Матеа Стојчевска -втора награда
- Ристе Атанасов- втора награда

Двајцата се ученици во Гимназиско образование и работеа под менторство на проф. Ангелина Занова.

- *52-ри Државен натпревар на училиштата од секторот Земјоделство, рибарство и ветеринарство- 15. 05 2024 г./Ресен*

- Мартин Ристов II 2 /ментор-проф. по стручни предмети Васил Узунов- второ место - Дисциплина Размножување на културни растенија
- Емирџан Далипов III 2/ментор-проф. по стручни предмети Ристе Стојанов- второ место - Дисциплина Земјоделска техника управување со трактор

- На *Државниот натпревар по Музичка уметност* одржан во Прилеп , организиран од Здружението на музички педагози на Македонија- 15 мај 2024г.

- вокална интерпретација ученичката Ивана Коколанска го освои ПРВОТО МЕСТО со 100

поени,  менторот Младен Костадинов.

- *Државниот натпревар по музичка уметност*, одржан во Кичево на14 мај 2024г.

 - категорија бендови за средните училишта, училишниот "Аграр бенд" во состав Ивана Коколанска, Стефан Максимовиќ и Александар Ризов-  прво место,  менторот Младен Костадинов.

- *Државен натпревар по англиски јазик*, 11. 05. 2024 г./СУГС „Никола Карев" Скопје

- Славе Стојаноски -второ место
- Јована Атанасова- трето место

Двајцата се ученици во II 1 клас / Гимназиско образование и работеа под менторство на проф. Милка Каракотева.

- *Образовно рандеву МАССУМ 2024- 18 мај 2024г.*

МАССУМ  „Образовното рандеву" кое годинава се одржа во Радовиш, пласманот на учениците од СОУ Гоце Делчев Валандово е следен:
- ПРВО МЕСТО за Ивана Коколанска во категоријата соло пеење под менторство на Младен Костадинов;
- ТРЕТО МЕСТО за Јордан Стојаноски, Ивана Гугуљанова, Надица Тошева и Александар Павлов во категоријата Маркетинг план под менторство на Елена Гошевска;
- ТРЕТО МЕСТО за Штандот на училиштето на кој беа претставени струките кои се изучуваат во училиштето.
- ЧЕТВРТО МЕСТО за Марина Јовановиќ во категорија соло пеење под менторство на Младен Костадинов.
- Повеќе од 1.500 учесници од 45 средни стручни училишта учествуваа на 19-тото по ред, Образовно Рандеву 2024, кое оваа година се одржа во СОУ „Коста Сусинов" - Радовиш.

Во рамки на 17 натпревари, учениците ги зајакнуваат нивните вештини за изработка на маркетинг планови, спроведување на интервју за работа, комуникација, јавно говорење, изработка на онлајн портфолио - категории кои ги водат младите кон поголеми можности за пракса и вработување.
Спорт, филм и драма, фотографија, веб страна, поетска творба и моден дизајн се дел од натпреварите во кои учениците дополнително се натпреваруваат.
Како дел од рандевуто, сите 45 средни стручни училишта ги презентираат и стручните профили кои се застапени кај нив.
Образовното Рандеву 2024 е организирано од Младинската Асоцијација на Средни Стручни Училишта на Македонија и CEED Hub Skopje во рамки на Активноста на USAID North Macedonia за млади кои активно создаваат можности - Youth Actively Create Opportunities, а годинава со поддршка и од Општина Радовиш.

- На *Регионалниот натпревар по Музичка уметност* во категорија вокална интерпретација што беше одржан во Прилеп на 7 мај 2024г.

- ученичките Ивана Коколанска со 96 бода и
- Марина Јовановиќ со 91 бод го освоија првото место.

Во категоријата бендови нашиот училишен бенд со 96 поени го освои првото место на Регионалниот натпревар што се одржа во Ресен.
- ментор професорот Младен Костадинов

- *Регионален натпревар по Англиски јазик*, на 13.04.2024 во Гевгелија

- Стојаноски Славе и Атанасова Јована од гимназиско образование освоија II место со што се пласираа за државен натпревар.

- *Регионален натпревар по физика* во ООУ „Никола Карев“ - Радовиш /06. IV 2024 г.

- Јована Атанасова II година/Гимназиско образование

Пласман на Републички натпревар
- Милена Тодорова III година/Гимназиско образование/Природно-математичко Б подрачје-Пофалница за учество
-- Ментор М-р Стојан Манолев

- На 26.3.2024 год. во велешката Гимназија „Кочо Рацин“ се одиграа *регионалните натпревари од источниот регион во одбојка-женска конкуренција за средни училишта*. Постигнати резултати:

1 место: СОУ "Јане Сандански" - Струмица,
2 место: СОУ "Гоце Делчев" - Валандово,
3 место: СОУ "Наум Наумоски Борче" - Пробиштип.

- На *државниот натпревар по повод обележувањето на Денот на математиката - ПИ-ден*, кој се одржа на 16.3.2024 г., согласно бодувањето и критериумите на СММ, наградени ученици:

- Александар Павлов - второ место
- Јордан Стојаноски - второ место
- Надица Близнаковска- трето место
- Ивана Коколанска - трето место

Сертификат за учество на натпреварот добија Ивана Гугуљанова и Давор Кавазов
- Ментор проф. Александар Пандев

Сите ученици се Гимназиско образоваие - IV година/Природно - математичко А и Б подрачје.

- На *регионалниот натпревар по биологија* кој се одржа на 15.03.2024 во организација на МБД-ПМФ, нашите ученици освоија:

Ристе Атанасов (II-1) прва награда и пласман на државен натпревар;
Матеа Стојчевска (III-1) трета награда и пласман на државен натпревар;
Ивана Коколанска (IV-1) прва награда и пласман на државен натпревар;
Ментор: проф.Ангелина Занова

- *Општински натпревар по англиски јазик*,16. III 2024/Гевгелија

Пласман на регионалниот натпревар обезбедија:
- Јована Атанасова II година/општа гимназија
- Славе Стојаноски II година/општа гимназија

- *Меѓуопштински спортски натпревар за средни училишта* во рамки на зона Велес (Богданци-Валандово-Дојран), Спортска сала „Мандана" с. Стојаково, 1 декември

- Футсал (категорија женски)
СОУ „Гоце Делчев" 5
СОУ „Богданци" 0
-Футсал (категорија машки)
СОУ „Гоце Делчев" 2
СОУ „Богданци" 2
Пенали 4:3
-Кошарка (категорија женски)
СОУ „Гоце Делчев" 2
СОУ „Богданци" 21
И двете екипи на СОУ „Гоце Делчев" Валандово кои се натпреваруваа во футсал, обезбедија понатамошен пласман и продолжуваат на зонски турнир.

- *Меѓуопштински спортски натпревар за средни училишта* во рамки на зона Велес (Богданци-Валандово-Дојран), Спортска сала СОУ Гоце Делчев Валандово, 30 ноември

- Одбојка (категорија женски)

СОУ „Гоце Делчев" 2
СОУ „Богданци" 0
- Одбојка (категорија машки)
СОУ „Гоце Делчев" 2
СОУ „Богданци" 0
- Кошарка (категорија машки)
СОУ „Гоце Делчев" 17
СОУ „Богданци" 31
И двете екипи на училиштето кои се натпреваруваа во одбојка, обезбедија понатамошен пласман и продолжуваат на зонски турнир.

- *45-та Школа на млади физичари, 18 ноември*

Секција по физика „Алберт Ајнштајн“
II награда за Ивана Коколанска и Сања Ѓеоргиева од IV година/Гимназиско образование/Природно-математичко Б подрачје
-менторот м-р Стојан Манолев

## 13. ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ

Според програмата за јавна и културна дејност на училиштето предвидени се повеќе активности. Од нив поголем број се реализирани.

**- Медиумски ден**
На 29 септември 2023 г. беше обележан Медиумски ден за средношколци, 2023 во организација на Институтот за комуникациски студии под наслов „Информација, НЕ дезинформација!!!“,средношколците од СОУ ,,Гоце Делчев" од Валандово и АСУЦ ,,Боро Петрушевски" од Скопје ги посетија Сител ТВ и Радио Слободна Европа и се запознаа со начинот на кој се подготвуваат вестите во медиумите. Следуваше дискусија помеѓу средношколци од 8 училишта во хотел Холидеј Ин

**- Европски ден за граѓанска правда,** 25. X 2023
На 6 октомври ученици од гимназиско образование/III година/ општествено-хуманистичко А подрачје во рамките на наставниот предмет Вовед во право, ја посетија адвокатска канцеларија „Гошевски“ и добија информации за функцјата и улогата на истата.

**- Ден на ослободувањето на Валандово**
Реализирани се повеќе активности: Спортски ден, заеднички час со деветтоодделенците во етно катчето со Гостин-стар Валандовчанец, изложба на книги и стари фотографии од Валандово и положување на свежо цвеќе на споменикот во парк Пеонија.

**- Меѓународен ден на лицата со попреченост**
По повод 3ти Декември -Меѓународен ден на лицата со попреченост, во нашето училиште се реализираше работилница. Во работилницата учествуваа трите

општински училишта во Општина Валандово СОУ Гоце Делчев Валандово, ООУ „Јосип Броз-Тито“ - Валандово и ООУ "Страшо Пинџур" - Јосифово. Учениците креираа, се дружеа и заеднички соработуваа. Изработија прекрасни новогодишни венчиња кои ги донираа на детските градинки низ целата Општина. Изработија заеднички постер на кој испишаа можни пораки за меѓусебно прифаќање.

**Хуманитарен новогодишен базар и Новогодишна претстава**

Новогодишен базар, новогодишна претстава и новогодишна забава се реализира на 29 декември 2023. Изложени беа повеќе штандови каде учениците од нашето училиште и ученици од основното училиште имаат можност да си купат, а со тоа и да учествуваат во хуманитарната акција. Средствата од штандовите беа хуманитарно донираа кај семејства од низок социјално-економски статус. Под менторство на наставниците по македонски јазик и музичка култура учениците подготвија претстава со забавен карактер со драматургија, рецитал, музички точки и сл.

**- Божиќна валандовска ноќ**

На 7 јануари во попладневните часови се организираше Божиќна Валандовска Ноќ на плоштадот во Валандово во оргаизација на општина Валандово. Учениците и наставниците од земјоделско-ветеринарна струка учествуваа во организацијата на овој настан. Се постави штанд каде се продаваше греано вино, топла ракија, мастика и сок од калинка за посетителите на настанот.

**- Ден на раѓањето на патронот Гоце Делчев**

Денот е обележан со положување на свежо цвеќе на бистата на Гоце Делчев која е поставена во училишниот двор. На настанот учествуваа ученици и наставници од нашето училиште.

- **Св. Трифун – ден на лозарите**

Традиционално, и на овој 14 февруари учениците и наставниците од земјоделско-ветеринарната струка го извршија обредното закројување на лозјето во СОУ „Гоце Делчев“.

Babриквечерните часови на 14 февруари - СОУ „Гоце Делчев“ е еден од носителите на општинските активности по повод овој празник.

Производите на учениците од СОУ „Гоце Делчев“ Валандово беа поставени на штандот поставен на плоштадот во Валандово.

**- Меѓународен на мајчините јазици**

21 февруари- Ден на Мајчините Јазици е обележан преку подготвена презентација од страна на учениците. Презентацијата е споделен на ФБ страната на училиштето

**- Меѓународен ден на жената**

По повод 8 март се реаизираше работилница во II1 клас на тема „Жени архитекти и објекти проектирани од жени архитекти“ потенцирајќи ја рамноправностана жената во професиите

**- Светски ден на oралното здравје.**

На 28 март,учениците и професорите од профилот Дентален асистент по повод Светската недела на здравјето на уста и заби продолжуваат реализираа активности и беа едукатори на најмалите во ЈОУДГ Калинка Валандово. Преку активностите најмилите научија што се треба да прават за да имаат здрави заби.

На 27 март, по повод светската недела на здравјето на уста и заби, професорите по стручни здравствени предмети Тања Наумова и Ѓорги Гугицев од реализираа заедничка работилница со учениците од II б одд. и наставничката Даниела Виларова од ООУ Јосип БрозТито Валандово. Учениците од втора и трета година дентален асистент спроведоа едукативни работулници со малите ученици.

**- Меѓународен ден на франкофонијата**

На 13 април во хотелот Holiday Inn - Скопје, во организација на Bel Idéal и Здружението на професори по француски јазик се одржа натпревар на државно ниво на Француска шансона, 2024.  Нашата ученичка Ивана Коколанска од IV-1 со песната Habanera - Carmen учествуваше и го освои првото место. Ученичката работеше под менторство на проф. Елисавета Занова и проф. Младен Костадинов. Како награда учничката и професорката добија патување до Париз, Франција.

**- Светски ден на лицата со Даунов синдроми**

Оваа учебна година се обележа Светскиот ден наретки болести. На 29 февруари се обележа Ден на ретки болести. Специјалниот едукатор реализира работилница во I3и  II3 клас дентален асистент . Учениците проследија презентација за ретките болести и зошто се обележува и изработија постер на кој испишаа пораки во знак на поддршка и ги споделија различни бои на прсти во знак на поддршка на лицата со ретки болести.

-**Светски ден на лицата со аутизам**

2 Април се одбележува како Меѓународен ден за подигање на свесноста за аутизмот. Се постираше едукативно видео на ФБ страната на училиштето.

**- Ден на правосудството**

На 8 април по повод Денот  на правосудството се реализираше Посета на Основниот суд Гевгелија од ученици од СОУ „Гоце Делчев“ Валандово, Гимназиско образование/Општествено-хуманистичко А подрачје/III година.
Учениците се запознаа со судските простории, им беа објаснети судските постапки, надлежноста на судот, како и други прашања од интерес на учениците со што на еден транспарентен начин се потенцира демократската природа на судот како сервис на граѓаните.

**- Светски ден на здравјето**

По повод денот на дијабетесот 17 ноември учениците од СОУ „Гоце Делчев" од Секторот Здравство и социјална заштита со проф. по стручни здравствени предмети Тања Наумова ги посетија здравствените работници од ЈЗУ Здравствен дом Валандово на градскиот плоштад во Валандово. Тие воедно помогнаа во реализирање на акцијата и заедно со медицинскиот персонал мереа шеќер во крвта-гликемија и крвен притисок.

**- Ден на планетата Земја**

По повод 22 Април -ден на планетата Земја во училиштето се организираше „Trash fashion“ фестивал. Група ученици дизајнираа креации од отпад и организираа натпревар за најдобро сработена креација. Комисијата од група наставници ги пласираше креациите по награди. На тој начин учениците испратија апел дека треба да се подигне грижата за животната средина и да се зголеми еколошката свест. Одговорни наставници беше Марија Узунова и Ангелина Занова

Воедно се одбележа претстојниот патронен празник на нашето училиште. Учениците подготвија низа активности со кои покажаа и докажаа дека се доследни на заветот на нашиот патрон Гоце Делчев и дека ја следат неговата идеја.

**- Патрон празник на училиштето**

Патрониот празник оваа учебна година не се обележа традиционално како секоја година на 4 мај поради воведениот пролетен распуст на учениците. Патрониот празник се обележа на 22 април заедно со обележувањето по повод 22 април- Ден на планетата земја. Учениците заедно со одговорните наставници по македонски јазик и музичка уметност подготвија пригодна програма. Се изведе драма, рецитал, музички точки Учениците подготвија низа активности со кои покажаа и докажаа дека се доследни на заветот на нашиот патрон Гоце Делчев и дека ја следат неговата идеја.

- **Ден на сесловенските просветители**

По повод 24 Мај, Денот на сесловенските просветители, Кирил и Методиј, ученици од нашето училиште учествуваа на конкурс распишан од ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ – Струмица Конкурсот беше за најубав сопствен кириличен ракопис на тема „Кирилицата е нашата азбука“. На конкурсот беа наградени тројца ученици со втора и трета награда под менторство на проф. По македонски јазик Валентина Трајановска.

Во престрет на 24 Мај, Ден на словенските просветители Кирил и Методиј, во склоп со општите цели на предметот македонски јазик и литература учениците од II-1, Гимназиско образование, на час по македонски јазик и литература под менторство на проф. Валентина Трајановска изработија видео-запис за светите браќа Кирил и Методиј. Видео записот беше поставен на ФБ страната на училиштето.

## 14. Извештај за реализирање на програмата за општествено корисна и хуманитарна работа

**- Уредување на училишната зграда и училишен двор**

Во текот на есенскиот период беше реализирано уредување на училишниот двор со засадување на зимзелени садници. Учесници беа ученици од трета година под водство на одговорниот наставник Љубица Невеселова. Втора акција се реализираше во пролетниот период по повод 21 март Ден на пролетта се засадија Зимзелени дрвја во училишниот двор. Садниците беа донација од Марика и Благој Лукарови од с.Подареш, Радовиш, членови на здружението „Harvest Cooperative".На тој нашин нашето училиште учествуваше на фестивалот за садење дрва организиран од Здружението Harvest Multipurpose Cooperative. Одговорен наставници беа педагогор Васе Митев и Васко Узунов.

Уредени се жардинериите во училишниот хол со засадување на нови цвеќиња.

**- Уредување на училишните ходници**

Учениците под водство на професорот по ликовна уметност Радомир Кнежевиќ во текот на учебната година го уредија училишниот хол со изложување на ликовни творби од учениците. Уредувањето се случи на повеќе наврати во текот на учебната година и според одредена тема и според потребната пригода. За новогодишниот период беше украсен целиот хол со новогодишни украси. Учествуваа поголем број на ученици и повеќе одговорни наставници Марија Узунов, Емилија Зафирова Петков, Елизабета Чилевска Пандова.

**- Собирна акција за помош на социјално загрозените семејства**

Во месец декември се реализираше хуманитарна акција за собирање на храна со подолг рок на траење. Учествуваа сите ученици и наставници во училиштето. Одговорен во секој клас беша назначен Претседателот на класот и класниот раководител. Место на собирање: Кабинетот по општствени науки. Откако се собраа намирниците на крајот од декември беа распределени во 9 пакети и донирани на ученици од социјално ранливи семејства и повеќедетни семејства.

Учениците од II2 земјоделско-ветеринарна струка организираа хуманитарна акција за собирање на финансиски средства за помош на ученик по починат родител.

**- Акција за собирање на пластика и хартија за рециклирање**

Училиштето е активно вклучено во општинската акција „Селектирај отпад“. На повеќе пункта во училиштето и училишниот двор се поставени пластични контејнери соодветно обележани за селектирање на отпад. Преку мобилната апликација одговорните ученици и наставници ги скенираат кодовите на кесите и на најавениот датум од Комунален сервис Валандово се предава отпадот соодветно селектиран.

**- Обележивање на 6 Ноември -Ден на ослободувањето на општина Валандово**

По повод Денот на ослободување на општина Валандово на 2 ноември во нашето училиште се реализираа повеќе активности. Во автентичното етно катче во просториите на училиштето. Специјален гостин беше пензионираниот професор по географија, г-дин Борис Дончев, роден Валандовчанец. Учениците истражуваа и пронајдоа народни и новосоздадени песни за Валандово, поставија изложба на книги напишани за Валандово, како и сопствени рачни изработки. Преку меѓупредметната соработка Македонски јазик и литература и Историја учесници беа ученици од СОУ „Гоце Делчев“ Валандово - II 1, IV 1и IV 2 клас – гимназијалци со проф. Елизабета Чилевска Пандева и ученици од ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово – IX одделение со проф. Зоран Тодоров.

Професорите зборуваа за Валандово од аспект на нивните наставни предмети, а гостинот Борис Дончев евоцираше спомени за неговите детски години, првото маало во кое живеел, училиштето каде учел, какви игри играле како деца, каде излегувале во младите години, посведочи за кажувањата на неговата мајка за земјотресот од 1931 година, за повоените години, за растежот на Валандово...

На 3 ноември се релизираше Спортски ден и спортски активности.
Учениците ги демонстираа своите вештини во дисциплините: спринт, континуирано трчање 1000 метри, штафетно трчање, фрлање ѓуле и трискок, во машки и женски категории. Преку игрите тие се вклучија во "6то Ноемвриските" празнувања, го нагласија заедништвото како вредност и ја потенцираа важноста од физичка активност и здрави животни навики во заедницата.

Директорот и педагогот на училиштето положија свежо цвеќе на споменикот на паднатите борци во градскиот парк „Пеонија“.

**- Учество на Валандовска ракијада**

Ученици и наставници од Земјоделско-ветеринарната струка учествуваа на општинската манифестација „Валандовска ракијада 2024“. Покрај поставувањето на казанот

за печење на ракија учениците поставија и штанд каде беа изложени продуктите кои ги произведуваат во текот на цела учебна година. (Сок од калинка, киви и јаболко, вино, мастика, ракија)

**- Подготовка на Новогодишен базар**
За време на месец декември одговорни наставници Елена Гошевска, Марија Узунови други наставници со ученици од сите класови подготвија колачиња, лотарија, сапуни, кафе, новогодишни украси и друго. Новогодишен базар, новогодишна претстава и новогодишна забава се реализира на 29 декември 2023. Изложени беа повеќе штандови каде учениците од нашето училиште и ученици од основното училиште имаат можност да си купат, а со тоа и да учествуваат во хуманитарната акција. Средствата од штандовите беа хуманитарно донираа кај семејства од низок социјално-економски статус.

**- Чистење на училишен двор**
Чистењето се организира на повеќе наврати од страна на техничкиот персонал на училиштето.

**- Крводарителска акција**
Преку организирање на крводарителски акции на ниво на општина од страна на Црвен крст Валандово, учениците имаа можност да даруваат крв

**- Посета на саем на книга, претстави, театар**
На 19.4.2024 г. учениците од СОУ Гоце Делчев Валандово го посетија Саемот на книгата во Скопје. Воедно го посетија и Музејот на македонската револуционерна борба.
На 9 февруари 2024г. ученици со проф. по ликовна уметност Радомир Кнежевиќ
Ја посетија изложба на г. уметникот Владимир Георгиевски во ЈОУ Дом На Култура 25 Мај Валандово. Во склоп на изложбата учениците учествуваа и на сликарска работилница.
На 27 февруари 2024г. учениците ја посетија Театарска претстава "Вујко Вања" -А. Чехов. во Театар Антон Панов Струмица.
На 17 април 2024г. учениците ја посетија театарската претстава „Младиот чорбаџија“ во Дом на култура 25 мај Валандово.
На 24 април 2024г. учениците ја посетија театарската претстава „Ти спиеш, тебе ти се спие...“ во Дом на култура 25 мај Валандово

**- Одбележување на денот на пролетта и екологијата**
По повод 22 Април -ден на планетата Земја во училиштето се организираше „Trash fashion“ фестивал. Група ученици дизајнираа креации од отпад и организираа натпревар за најдобро сработена креација. Учениците испратија апел дека треба да се подигне грижата за животната средина и да се зголеми еколошката свест. Воедно се одбележа претстојниот патронен празник на нашето училиште. Учениците подготвија низа активности со кои покажаа и докажаа дека се доследни на заветот на нашиот патрон Гоце Делчев и дека ја следат неговата идеја.

**- Изработка на Велигденски украси**
Велигденски хепенинг и Велигденски украси не се реализираа оваа учебна година поради пролетниот распуст.

## 15. СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

СОУ „Гоце Делчев“ Валандово во учебната 2023/24 год. оствари соработка со институции во рамките на локалната заедница и тоа:

- Општина Валандово – тековни активности и акции во целата учебна година.

- 22.12.2023г. Општина Валандово воведува субвенција од 10 000 денари за секој ученик, кој своето образование ќе го започне во СОУ „Гоце Делчев“ Валандово почнувајќи од наредната учебна година

- 14.02.2024г. Во чест на 14 февруари – СОУ „Гоце Делчев“ – Валандово како еден од носителите на општинските активности по повод овој празник постави штанд на плоштадот во Валандово каде беа пласирани производи од учениците на СОУ „Гоце Делчев“ – Валандово под мотото: прославете го празникот со нас, купете од нас, за себе, за најблиските. Од учениците за Валандово – совршен спој на традиционално и модерно! Централната градска прослава е во заедничка организација со Локалната самоуправа и нашето училиште.

- 3.03.2024г. Посета на градоначалник на општина Валандово Перо Костадинов и реализирана работилница на тема: Како е организирана власта во РСМ? по предметот Граѓанско образование со присуство на учениците од I4 и I2 година.

-10.10.2023 – Соработка со општината и МЗШВ за настанот „Есенски златни бои преточени во валандовски плодови“.

-28.10.2023 – Соработка со општината за настанот „Ракијада“ Валандово.

-Ноември 2023 – посета на градоначалникот и неговите соработници заедно со турската агенција за соработка и координација „ТИКА“ на „СОУ Гоце Делчев“ Валандово и договрена соработка помеѓу „ТИКА“ и „СОУ Гоце Делчев“ Валандово, за инвестиции во земјоделскиот сектор на економијата .

-Јануари 2024 – соработка со Локалната самоуправа при организација на Божиќната ноќ.

-Февруари 2024 – соработка со Локалната самоуправа при организација на општински настан повод Св.Трифун.

-Мај 2024 – соработка на земјоделскиот актив со Локалната самоуправа и учество во организација на Фолк Фест Валандово.

-Јуни 2024 – Отворен ден на „СОУ Гоце Делчев“ Валандово, посета на Градоначалник, заштита од подрачното Министерство за Земјоделие и Агенција за развој на земјоделието, компании со коишто соработуваат факултети за студии на студенти и др.

- Министерство за земјоделие – консултативни средби на директорот со претставници од подрачното министерство заради аплицирање за добивање на субвенции од производството на училишната економија. Такви средби се остварени и на повисоко ниво со претставници од МЗШ заради решавање на истите прашања.

- Агенција за развој на земјоделие и рурален развој - средби на директорот со претставници од агенцијата заради аплицирање на фонтови за поддршка на земјоделеието

- Националната агенција за европски образовни програми и мобилности - консултативни средби со директорката на агенцијата заради можности на програмите кои ги нуди агенцијата за аплицирање на проекти.
- Управа за јавни приходи – едукативни предавања од претставник со вработен од оваа институција на теми за фискаланта политика и даноците во нашата држава.
- Со ОО “Црвен крст“ реализирани се следните работилници и предавања за учениците и вработените: работилница за “Превенција од алкохол, наркотички средства и пушење“, предавање за укажување “Прва медицинска помош“, предавање за “Превенција и заштита од СИДА“.

-Соработка со ОО Црвен крст Валандово, соработка на родители и ученици на тема: Прва медицинска помош. Претседавач др. Кирчо Стојановски 18.11.2023г

- Во соработка со ОО Црвен крст Валандово, ученици од II3 клас Сектор Здравство и социјална заштита, образовен профил Дентален асистент со проф Тања Наумова реализираа активност од областа на медицината. Пред Пензионерскиот дом во Валандово реалираа превентивна акција за мерење на крвниот притисок и шеќер во крвта на пензионерите и граѓаните од општина Валандово по мотото „младите во служба на граганите“ 21.12.2023г.

- Во соработка со ЦКА ПХВ на штандот на Градскиот пазар во Валандово беа изложени производи од ПХВ активноста под мотото: купи цвеќе биди хуман. Како дел од подршката што ја дава СОУ „Гоце Делчев“ Валандово на овие акции. 13.03.2024г

- Со ОВР Валандово реализирани се следните активности: следните работилници и предавања за учениците: работилница за “Превенција од алкохол, наркотички средства и пушење“, “Заштита од трговија со луѓе, “Последици ос употреба на петарди и друг пиротехнички материјал“ и “ Врсничко насилство“
- Здравен дом Валандово во соработка со Универзитетската клиника за пластична хирургија Скопје во училиштето одржа предавање за подигање на свеста против користење на пиротехника “ Петардите ги уништуваат празниците“.

- Соработка со медиум – Радио Валандово

Заеднички активности (креирање видеа, реклами, спотови, аудио записи) со учениците со цел промовирање на училиштето во општината и регионот.

- Соработка со Комунален сервис – Валандово

  Во континуитет како одбележување денови на планетата Земја, денови на екологијата итн. Вклучително и проектот „Селектирај отпад – еко училиште“ еко патрола, изработка на еко календар итн

- Соработка со Шумско стопанство

  Активности со учениците -садење на дрва.

- Соработка со министерството за Животна средина преку проектот “Глобе“

- Соработка со  Адвокатската канцеларија „Гошевски“. Ученици од III година опшествено – хуманистичко А подрачје по наставниот предмет Вовед во право реализираа посета на адвокатската канцеларија

- Соработка со ООУ Јосип Броз Тито

 – На часот по англиски јазик, се одржа интерактивна работилница на тема: Различностите не обединуваат во еден заеднички свет. Целта на работилницата е приказ на празници кои се специфични за различни култури и религии. Што им е заедничко, кој е коренот, што слават? Учесници во работилницата беа ученици од II и III година гимназиските паралелки, како и учениците од 9то одд. Од ООУ Јосип Броз Тито, со наставничките по англиски јазик – Марија Узунов и Наташа Стојаноска.
- Меѓупредметната соработка Македонски јазик и литература и Историја каде беа избришани границите меѓу предметите со една заедничка цел: Валандово, по повод одбележуваме 6 Ноември – празникот на родниот наш град Валандово
Учесници беа ученици од СОУ „Гоце Делчев“ Валандово - II 1, IV 1и IV 2 клас – гимназијалци со проф. Елизабета Чилевска Пандева и ученици од ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово – IX одделение со проф. Зоран Тодоров.

 - Заеднички наставен час по Бизнис и претприемништво на учениците од IV година со дев

- Реализирана успешна едукативна тимска работилница помеѓу учениците на „СОУ Гоце Делчев“- Валандово и „ООУ Јосип Броз Тито“ Валандово по предметот биологија.

- 27 март- По повод светската недела на здравјето на уста и заби професорите по стручни здравствени предмети Тања Наумова и Ѓорги Гугицев од СОУ ГоцеДелчев Валандово реализираа заедничка работилница со учениците од II б одд. и наставничката Даниела Виларова од ООУ Јосип Броз Тито Валандово.

- Соработка со ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово

-Учество на заедничка работлница за ученици по повод обележување на 3 Декември-Меѓународен ден на лица со попреченост

-Заеднички часови по предметот Македонски јазик, Физика

- Соработка со Сојуз на Борците

Специјален гостин: Пензионираниот професор по географија, и претставник на борците од Сојузот на борците г-дин Борис Дончев, роден Валандовчанец, по повод одбележуваме 6 Ноември
Гостинот Борис Дончев евоцираше спомени за неговите детски години, првото маало во кое живеел, училиштето каде учел, какви игри играле како деца, каде излегувале во младите години, посведочи за кажувањата на неговата мајка за земјотресот од 1931 година, за повоените години, за растежот на Валандово.

- Соработка со Агенција за вработување   на РСМ

На часот по предметот Бизнис и претприемништво за IV клас/ гимназиско

образование во СОУ „Гоце Делчев“ на тема: Можности на пазарот на трудот – гостин беше предавач Никола Каракотев од агенцијата за вработување на РСМ

- Соработка со Центар за социјална работа Валандово

-Учениците од III година/гимназиско образование Опшествено хуманистичко А подрачје во кое се изучува наставниот предмет Вовед во право беа во посета на Центарот за социјална работа – Валандово. Заедно со директорот на ЦСР – Петар Јанакиев и педагогот Благоја Зајков се разговараше на тема: Семејно насилство. Како се справуваме со тоа?

- Меѓуинституционална соработка помеѓу СОУ„Гоце Делчев“ и ЈОУДГ Калинка Валандово.

-Посета од страна на ученици од гимназиско образование Опшествено Б подрачје и реализација на час по педагогија со предметниот проф Васе Митев во детската градинка Калинка Валандово. 22.03.2024г.

-Заеднички активности со учениците од Сектор Здравство, профил дентален асистент и дечињата од градинката по повод Светската недела на здравјето на уста и заби .

- Соработка со Основен суд Гевгелија

По повод Ден на Правосудството на 08.04.2024г. се реализираше посета на Основниот суд Гевгелија од ученици од СОУ „Гоце Делчев“ Валандово, гимназиско образование/ опшествено – хуманистичко А подрачје III година. Учениците се запознаа со судските простории, постапки, надлежноста на судот, каде се потенцирање демократската природа на судот како сервис на граѓаните.

## 16.Екскурзии и посети

Целта на екскурзиите е на организиран начин се прошируваат општите и стручните знаења на учениците и се запознаваат со природните убавини и со културно-историските знаменитости во поблиската и пошироката заедница. Од предвидените екскурзии во Годишната програма на училиштето за учебната 2023/24 год. реализирани се следниве екскурзии и посети::

- Еднодневна ескурзија со учениците од земјоделско ветеринарната струка. На 26-27.04.2024 – Земјоделскиот актив и учениците од земјоделско-ветеринарна струка беа на едукативна посета во Биотехнолошката школа Шуматовац Алексинац, Р.Србија.
- Посета на Основниот суд воГевгелија
- Посета на национална телевизија Сител и Радио Слободна Европа /Медиумски ден
- Посета на ЕУ house Струмица
- Посета на Саем на книга во Валандово и Скопје
- Посета на театарска претстава
- Посета на оперска претстава
- Посета на природно научен музеј во Скопје

- Посета на фабрика
- Посета на Археолошки музеј - Скопје
- Посета на археолошкиот локалитет “Стоби“

## 15.1. Извештај за реализирана завршна екскурзија во учебната 2023/24 година

Реализирана е училишна (завршна) екскурзија во периодот од 19.09.2023 - 24.09.2023 година на релација **Валандово- Будимпешта- Прага- Карлови Вари- Валандово**. Во завршната екскурзија учествуваа ученици од III и IV година (вкупно 42 ученика и двајца наставници ).

Училишната екскурзија беше реализирана со:

- **Општа цел** на екскурзијата:
  -усвојување и проширување на знаењата од повеќе области,
  -развивање нови интереси и проширување и продлабочување на постоечките,
  -запознавање со културно-историските, национални и естетски вредности на други држави,
  -примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на одредени појави, природните убавини, културно-историските знаменитости на поблиската и поширока заедница, и
- **Воспитно - образовни задачи** на екскурзијата:

-запознавање со културата,историјата и други знаменитости на други држави, -запознавање со културата, стилот на живеење и други занимливости на поедини области и региони и градови,
-Формирање позитивен однос кон националните, интернационалните, културно-историските и естетски вредности на други држави
- Развивање, потикнување и манифестирање позитивни емоции према други луѓе, подобрување на меѓусебните релации, развивање и јакнење на другарство, солидарност,
-формирање и потикнување демократски ставови према материјални и духовни добра,
- развивање и потикнување колективна заштита (према материјална и општествена средина).

Завршната екскурзија беше реализирана во месец - Септември во почетокот на учебната 2023/24 година и траеше шест дена со четири ноќевања, според Програма која беше одобрена и потврдена од соодветни органи во училиштето и БРО.

Дата
Наставник
22.06.2024 год.
Јаворка Стојанова

# 17. ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ И СЛОБОДНИ ЧАСОВИ

Согласно наставниот план и програма за гимназиското образование, по избор на учениците во училиштето се реализираат следниве подрачја на проектни активности:

- Проектни активности поликовна уметност
- Проектни активности по музичката уметност
- Литературни клубови и драмски секции
- Култура на здраво живеење
- Иновации и претприемништво

Согласно наставниот план и програма во стручното образование за секторите Земјоделство, рибарство и ветеринарство, Здравство и социјална заштита, и Машинство реализирани се следните содржини програмирани од училиштето:

- I год.- Светското наследство во рацете на младите
- II год – Планирање на кариера
- III год.- Подготовка за вработување и работа
- IV год.- Презентациски вештини

## 18. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ

Активното вклучување на родителите во училиштето во голема мера помага во промоција на училиштето како средина на учење во која учениците покрај образовната ќе ја развие и воспитната улога. Вклучувањето на родителите нуди можност да се зајакне улогата која тие ја имаат во сите фази од процесот на учење и развој на нивните деца.

Отворените денови се организираа на секое тромесечие и беа наменети за средби и разговори на наставниците и родителите во насока на подобрување на успехот кај учениците.

На родителските средби родителите ги искажуваа своите ставови во однос на резултатите од успехот и дисциплината на своите ученици и даваа свое видување на што резултира успехот и дисциплината на учениците.

Родителите беа активно вклучени во процесот на одлучување за изведување на екскурзија во странство за следната учебна година и спроведување на постапката (при изборот на маршутата и агенцијата која нуди најповолна цена на распишаниот тендер).

Учествуваа во разговори со стручната служба во училиштето, учествуваа на средби за разрешување на конкретни состојби..

Присуството на родители отворените денови родителски средби варира во зависност од наставната година и нивното присуство во иднина треба да се зголемува и да стане побројно.

## 19. Промовирање на училиштето пред деветтоодделенците

Во однос на промовирањето на училиштето формиран е тим на наставници кои дадоа свој придонес кон промоција на нашето училиште.

Активно работат веб страната на училиштето, фејсбук и инстаграм профилот како и училиштниот медиум Клик,  каде што во континуитет се пласираат сите активности на училиштето, т.е на наставниците и на учениците.

Низ текот на учебната година, беа реализирани часови по одредени предмети, како и други активности на кои присуствуваа деветтоодделенци од централните и подрачните училишта.

Неколку од заедничките часови на кои присуствуваа деветтооделенците: Интерактивна работилница на часот по Англиски јазик на тема: “Различностите не обединуваат во еден заеднички свет.”

Заеднички го одбележавме и “Меѓународниот ден на лицата со попреченост”, Час по Бизнис и претприемништво – на кој се запознаа со ИКТ алатка применлива во наставата “Educaplay” и имаа можност да решаваат квизови на знаење.

Се одржаа заеднички часови и активности по одредени предмети, во соработка со колегите од основното централно училиште.

Се одржаа Новогодишен и Божиќен Базар, на кои беа присутни деветтоодделенците.

Се обележа Денот на планетата Земја  со “Trash fashion”, како и посета на училишната зграда со цел запознавање на учениците со просториите.

Годинава се одржи и Манифестација од страна на Земјоделската струка со цел промоција на македонски и валандовски земјоделски производи на плоштадот во Валандово на истата училиштето имаше штандови на сите струки и беше прикажано се од досегашната работа на учениците. Таму беа присутни и деветтоодделенците.

Од страна на ученици беше изработено промотивно видео и беа посетени централните и подрачните училишта, како и надвор од општината, со цел  да ги запознаат деветтоодделенците со работата на нашето училиште, со профилите кои располагаме, опремата, стручниот кадар на професори итн.

Тече соработката со Радио Валандово, како медиум, кој редовно не промовира.

Оваа година училиштето изработи и професионално видео за промоција.

Подготвено од
Координаторот на тимот
Марија Коцева

## 20. Извештај за работата на училишниот педагог за учебната 2022/2023

**Вовед**

Соласно Годишната програма за работа во учебната 2023/24 одина педагогот ги реализираше своите активности преку следните порачја.

**1.Работа со ученици.**

Во рамките на оваа подрачје беа организирани различни видови на индивидуална и групна работа со учениците поврзана со успехот на учениците, дисциплината и редовноста со цел давање на непосредна подршка во учењето. Акцент беше ставено на потешкотиите кои учениците ги имаат во следењето на онлајн наставата како и прилагоеноста на учениците на онлајн наставата. Беа водени разговри со ученици и родители. За ученици кои имаа проблеми во совладувањето на наставата и редовноста на часовите беа организирани групни и индивидуални советувања заради подобрување на состојбата. Се следеше и прилагоденоста на учениците од прва година на новата училишна средина. Реализрани беа посети на часови и неколку работилници за учениците. За учениците беа организирани работилници на темите „Мојот стил на учење“ , „Како да учиме“ и др.

Со учениците беа реализирани индивидулни и групни средби и разговори во врска со учењето и наставата, поведението, односите ученик наставник, односите во семејството, редовноста во наставата , професионалната ориентација и др.

**2.Работа со наставниците.**

Преку секојдневното следење на работата во училиштето и наставата давани се повратни информации за различни аспекти од наставата. Во почетокот на учебната година имаше консултации околу планирањето на програмите за годишните, тематските и дневните планирања на наставниците. Во текот на годината заеднички беа решавани тековни прашања поврзани со учениците во поглед на подобрување на успехот, дисциплината, вклучување на часовите, училишни проекти и др. Во некои активности беа вклучени и родителите.

За наставниците беа обработени теми од интерс за наставниците како што „ “Примена на нови стратегии во наставата“.

Во рамките на ова подрачје значајна е комуникацијата на педагогот со наставниците по разни стручни прашања а посебно со новопримените наставници и нивно воведување во наставата и планирањето на наставата. Со наставниците соработувавме и во тимовите од Годишната програма за работа на училиштето и активностите кои беа таму планирани.

Стручните мислења, препораки, извештаи и други активности беа презентирани пред стручните органи во училиштето.

**3 Работа со родители**

Родителите присуствуваа на разговори во рамките на постапката за изрекување на педагошки мерки на учениците. За родителите на ученици кои

покажуват слаб успех по 3 и повеќе недоволни оценки како и нередовност во наставата беа организирани советувања на кои родителите беа запознати со состојбата а во вториот дел од советувањето им беа презентирани стиловите на родителство во семејството како и видови на комуникација со децата. За состаноците на советот на родители беа подготвувани информации, извештаи, теми и сл. Педагогот соработуваше со родителите на учениците преку индивидуални средби, присуство на родителски средби во паралелките, учество во работата на Советот на родители и други форми. Соработката со родители беше во насока на подобрување на редовноста на учениците во наставата и подобрување на слабиот успех кај поедини ученици како и други прашања од инетрес за учениците.

**4.Соработка со заедницата**

Во рамките на својата работа педагогот соработуваше, подржуваше и учествуваше во активностите на повеќе институции надвор од училиштето, како што се Центарот за социјални работи од Валандово, Црвен крст, Основните училишта од општина Валандово, МВР-Валандово, факултети и др институции.

Во основните училишта во општината учествував во промоцијата на конкурсот за упис на ученици .

Учествував со ученици во активностите од Медиумскиот ден со посета на ТВ Сител и Радио Слободна Европа во Скопје. Со учениците од четврта година ја посетивме Македонската берза и Народната банка на Македонија при што го разгледавме и запознавме Музејот на парите. Учествував во активностите од РИКО проектот и активности со училиштето од Плоче Р. Хрватска. Со група ученици бевме во посета на Европската куќа во Струмица каде учениците беа запознати со можноста за аплицирање на Еразмус проектите. Соработував со невладината организација “Сложувалка“ .

**5.Професионален развој и професионална соработка**

Во текот на изминатата учебна година за наставниците беше изготвен прашалник за професионалниот развој на наставниците.

Учествував на следните обуки: “Спречување на предверемено напуштање на образованието и охрабрување за комплетирање на задолжителното образование “ кое се одржа во Битола. Учествував на Меѓународниот симпозиум “ Медиумска писменост во добата на вештачка инетелегенција; Проширување на границите на возможното“ , „Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на стручното образованието и образованието за возрасни“ , “ Развивање и примена на критичко мислење кај учениците на часот“

Со учениците беа одржани работилници за кариеирен развој, активно барање работа и подготовка на CV.

**6.Аналитичко истражувачка работа.**

И годинава од страна на педаогот беа изготвени анализи за успехот на тромесечија и полугодие при што преку табели, графикони и текстуално беа презентирани податоците за постигнатиот успех како и предлог мерки за пообрување на успехот.

Со наставниците е спроведено истражување за тоа колку од наставниците учествувале на обуки за нови наставни форми и методи и кои од нив наоѓаат најмногу примена во наставата. Добиените податоци се искористија за подобрување

на квалитетот на наставата и   давање подршка на   наставниците и   ученииците.

Со учениците од завршната година се истражуваа можностите за продолжување на школувањето на високошколските институции изборот на факултет.

Подготвувани се статистички податоци со податоци за успехот на учениците, полова структура, национална структура како и други статистички прегледи потребни за тековното работење. Анализа на податоците за работата на училишето во рамките на изготвувањето на самоевалуацијата за периодот   2022 – 2024 година.

**7.Училишна структура, организација, клима.**

Педагогот активно учествуваше во изработката на Годишната програма за работа на училиштето, организацијата на работата на училиштето (редовна, додатна, дополнителна настава). Учествував во изработката на Самоевалуацијата на училиштео за 2022- 2024 година. Учествував во работата на Наставничкиот совет на училиштето и Советот на родители преку присуство и обработка на сртучни теми. Реализирани беа посети преку вклучување на часови по редовна настава при што истите беа анализирани заедно со предметните наставници со цел отстранување на слабостите и подигнување   на квалитетот на наставата. Беа иницирани активности за промоција на училиштето преку изработка на флаери и презентација за училиштето пред учениците од основните училишта од општина Валандово. Педагогот учествуваше во следењето на реализацијата на наставните програми по задолжителните и изборните содржини програми и активности како и условите а работа во училиштето. Се следеше и оценувањето на учениците преку дневникот на паралелкиите, е дневникот, изготвените извештаи за успехот, разговори со ученици и наставници.

Реализирани се посети на часови  заради следење на наставниот процес, реализација на наставните програми, примена на наставни методи и техники   како и реализацијата на годишните и тематските планирања.

Како ментор на МАССУМ учествував     на  “Образовно рандеву 2024“ кое што се одржа во Радовиш на кое учествуваа четири наставници и 18 ученици кои се натпреваруваа во неколку категории како што се: штандови на училишта, интервју за работа, маркетинг план, музички бендови и соло пеачи, спортски активности и друго.

За својата работа педагогот води хронолошки дневник и дневници и евидентни листови за работа со ученици родители и наставници, записници, прегледи, извештаи и друга документација.

## 21. Извештај за работата на СПЕЦИЈАЛЕН ЕДУКАТОР И РЕХАБИЛИТАТОР во СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2022/2023 година

Работата на специјалниот едукатор и рехабилитатор во учебната 2023/2024 година се базира на активностите од годишната програма, која во целост е реализирана. Активностите од годишната програма се реализираат преку следниве подрачја:

**1. Работа со ученици**

Во ова подрачје се организира индивидуална работа со ученици со потешкотии во учењето. Ученици со потешкотии во наставата се учениците со дискалкулија, дисграфија и дислексија. Овде се опфатени учениците кои имаат потреба од диференциран пристап во наставата. Во текот на индивидуалната работа се врши процена на способностите и можностите на ученикот, како и на потешкотиите со кои се соочува во текот на следење на наставата. Проценката се врши со помош на Инструменти за проценка: прашалници и тестови. Исто така беа водени разговори и советувања со соучениците од класот каде што е вклучен ученикот со потешкотии во учењето и со пречки во развој. Работата на ученикот со ПОП во текот на редовниот час беше следена и организирана преку посета на час. На тој начин се даваше директна помош на ученикот со ПОП, проценка на атмосферата во класот и соодносот со другите ученици.

По повод 3ти Декември -Меѓународен ден на лицата со попреченост, во нашето училиште се реализираше работилница под организација на специјалниот едикатор и рехабилитатор. Во работилницата учествуваа трите општински училишта во Општина Валандово СОУ Гоце Делчев Валандово, ООУ „Јосип Броз-Тито“ - Валандово и ООУ "Страшо Пинџур" - Јосифово. Учениците креираа, се дружеа и заеднички соработуваа. Изработија прекрасни новогодишни венчиња кои ги донираа на детските градинки низ целата Општина. Изработија заеднички постер на кој испишаа моќни пораки за меѓусебно прифаќање.

Се обележа и 21 март –Ден на лицата со Даунов синдром и 2 Април Светски ден на лица со аутизам, преку постирање на објава и едукативно видео на ФБ страната на училиштето за подигање на свесноста за инклузијата на лицата со попречености.

На 29 февруари се обележа Ден на ретки болести. Специјалниот едукатор реализира работилница во I3и II3 клас дентален асистент. Учениците проследија презентација за ретките болести и зошто се обележува и изработија постер на кој испишаа пораки во знак на поддршка и ги споделија различни бои на прсти во знак на поддршка на лицата со ретки болести.

Со учениците од сите паралелки од училиштето организирани се неколку работилници „Јас во чевлите на другиот“, „Инклузија што е тоа?“ и сл. Часовите се организираа за време на класниот час или како замена на час во случај на отсуство на професор.

Во декември се спроведе подготовка за Новогодишен базар и со група ученици од I,II,III година од земјоделско-ветеринарна струка се изработија новогодишни украси кои се продаваа на базарот. Средставата беа наменети за хуманитарни цели.

Под раководство на специјаниот едукатор во училиштето работи Креативно -хуманитатрен клуб. Учениците се вклучуваат доброволно од сите струки и учествуваат во најразлични активности какко креирање на честитки, садење на цвечиња,рециклирање на хартија и сл. Се промовираат и се поттикнуваат човечките вредности како: соработка, меѓусебно почитување, емпатија, асертивност, хуманитарност и сл. Во периодот од февруари-мај се спроведе реаботилницата за изработка на рециклирана хартија и садлива хартија и работилница за изработка на вертикална градина со реупотреба на материјали. Изработките се користеа за подготовка на промотивен и рекламен материјал преку кој се претставува училиштето. Исто така под координаторство на специјалниот едукатор се реализираше и работилница за изработка на осмомартовски честитки каде учениците изработија честитки од рециклирана хартија за наставничките од училиштето.

**2. Работа со наставници**

Активностите од ова подрачје се спроведоа преку директна комуникација и разговори со наставиците. Преку посета на часови беше давана стручна помош на наставниците при изборот на методите за работа, адаптирање на наставните содржини, подготвување на материјали при работата со учениците со ПОП. Непосредно на тоа наставниците беа информирани и запознавани со карактеристики, способности и можности на учениците со ПОП. Исто така беа давани насоки за неопходни модификации и адаптации во наставата, со цел максимално постигнување на учениците со ПОП. Овие активноси се спроведоа континуирано преку целата година. Беше спроведена директна подршка на наставниците при изготвување на ИОП. За учениците за кои се спроведуваше диференциран пристап во работата наставниците беа директно советувани кои од понудените мерки се најсоодветни да ги користат соодветно за конкретниот ученик. Исто така беа давани насоки за документирање на постигањата на учениците со ПОП и нивно оценување.

Во јануари специјалниот едукатор заедно со Љ. Невеселова спроведе обука за наставници „ Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на стручното образованието и образованието за возрасни “СОВРЕМЕНИ ПЕДАГОШКИ ПРИСТАПИ ЗА ПОДОБРО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ преку проектот „Зголемување на Атрактивноста, Инклузивноста и Релевантноста на СОО и ОВ“. Пред спроведување на обуката претходеше обука за начинот на спроведување на истата.

Специјалниот едукатор и рехабилитатор активно бара и се ангажира за изнаоѓање на најразлични начини на финансирање на обуки насочени за професионален развој на наставниците.

**3. Работа со родители**

Активностите од ова подрачје се спроведуваа континуирано во текот на целата учебна година. На почетокот од учебната година, во текот на првата родителска средба со класните раководители, родителите научениците од I година пополнуваа

анкетни прашалници за психофизичката состојба на нивните деца. На тој начин се добиваа првични информацииза учениците со ПОП.

Беа спроведени индивидуални разговори со родителите на децата со ПОП. На тој начин се поттикнуваа родителите да се вклучат во воспитно-образовниот процес на нивното дете. Беа советувани родителите на кој начин да ја продолжат работата со нивните деца со ПОП и во домашни услови. Родителите на учениците со пречки во развој за кои беше изготвуван ИОП беа диретно вклучени при самиот процес на изготвување на ИОП.

Родителите беа директно вклучени и во организирање и реализирање на работилници (како Новогодишен базар), подготовка на украси, набавка на материјали и ресурси за работа итн.

**4. Соработка со заедницата**

Во рамките на својата работа специјалниот едукатор и рехабилитатор соработуваше, подржуваше и учествуваше во активностите на повеќе институции надвор од училиштето, како што се Центарот за социјални работи од Валандово, Дневен центар Валандово, Основните училишта од општина Валандово, МВР-Валандово, Eu House и др институции.

Продолжи соработката со здруженијата чија дејност се лицата со пречки во развој како Здружение на граѓани за поддршка на лица со посебни потреби „Среќни Лица“, Етно ресторан „Кај Виктор“-аутизам френдли место, Здружение на граѓани "Исчекор- Општество за сите" Валандово. Исто така специјалниот едукатор ја продолжи соработката и со други здруженија како Центар за активни млади луѓе „Заедно можеме“ Сливен, Бугарија, Здружение за културен, спортски и едукативен развој “Свет на промени” – Валандово, Извиднички одред „Младост“, Центар за интегрална јога „Дарана“, Центар за современи уметности Скопје, Здружение „Рубикон“ од Скопје.

**5. Професионален развој и професионална соработка**

Во поглед на ова подрачје, специјалниот едукатор и рехабилитатор учествуваше на различни онлајн обуки и семинари во текот на цела учебна 2021/22 година.

Преку ЕУ проектот „Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на стручното образование и обука и образованието на возрасни“ во месец Октомври специјалниот едукатор заедно со директорката учествуваше на обуката организирана на ден 28-29.09.2023, во Хотелот Сириус, Струмица во 09:30 часот. На обуката се дадоа информации и насоки за следните активности кои ќе се спроведат преку овој проект. Во месец декември специјалниот едукатор преку истиот проект учествуваше на обуката за обучувачи по педагошки приоди каде се дадоа насоки, упатства и материјали за спроведување на обука за наставници во матичните училишта.

Во оваа учебна година, специјалниот едукатор и рехабилитатор учествуваше како дел од проектниот тим во улога на заменик проектен менаџер за имплементирање на проектот „Skills and knowledge - UP“ финансиран од Regional Cheling Fond –RCF и КFW Германска развојна банка за набавка на опрема за стручно образование.

Специјалниот едукатор континуирано преку целата учебна година заедно со проектниот тм на училиштето следи повици за учество на проекти, подготвува

апликациони формулари и проектни апликации. Координатор е на следните проекти:

- „Промоција на безбедна училишна средина“ кој е поддржан од Детската фондација Песталоци (Kinderdorf Pestalozzi) , а реализиран од Коалиција на младински организации СЕГА. Проектот се спроведува во партнерство со МЦГО - Македонски центар за граѓанско образование / MCEC, Прва детска амбасада Меѓаши / First Children's Embassy Megjashi и SmartUp - Social Innovation Lab, во периодот септември 2023 – август 2026 година.
- „Чекор по чекор во 3Д принтањето“ финансиран преку Еразмус+ КА210-VET проект – мали партнерства за 2023 година и е наменет за учениците од Машинската струка – Техничари за компјутерско управување.

**6. Аналитичко-истражувачка работа**

Специјалниот едукатор и рехабилитатор во соработка со педагогот спроведе интерно истражување во рамките на училиштето за наставници и учениците. За целта на истражувањето беа подготвени прашалници преку Micosoft forms и сроведена онлајн. Анализата на добиените податоци се обработи дигитално и се изработи наративен извештај. Добиените податоци се искористија за подобрување на квалитетот на наставата, увидување на наедостатоците и потребите во онлајн наставата во насока за давање подршка и изнаоѓање на соодветни одговори на проблемите. Како кај наставниците така и кај учениицproperties. Од ова истражување со добија податоци за потребата од организирање на интерни обуки во училиштето за Реализација на наставата со користење на различни ИКТ средства за учење. Истата обука беше организирана од страна на стручната служба и успешно реализирана. На неа присуствуваа сите наставници.

Специјалниот едукатор и рехабилитатор соработуваше со други инститиции и здруженија, ораганизации и сл.

**7. Училишна структура, организација, клима**

Специјалниот едукатор и рехабилитатор учествува во изработка на сопствена Годишна програма за работа на почетокот од учебната година. Исто така активно учествува во изготвување на дел од Годишната програмата за работа на училиштето и Годишниот извештај на училиштето.

Учествување во организирање на наставата и работата на училиштето (редовна, додатна, дополнителна, проектни активности) и во подготовка на распоредот на часови. Специјалниот едукатор и рехабилитатор води евиденција и документација за учениците со ПОП. Подготвува соодветни извештаи за училишните активности.

Активно учествува во подготовка на апликација за идни проекти кои се аплицираат за наредната учебна 2024/25 година.

Подготвил:
Емилија Зафирова Петков
Специјален едукатор и рехабилитатор

# 22.Извештај за работата на стручните активи

### *22.1 Извештај од работата на стручен актив по македонски јазик и литература и уметности за* учебната 2023/24 година

Стручниот актив по македонски јазик и литаература и уметности го сочинуваат:

Елизабета Чилевска Пандева-проф.по македонски јазик и литература ,претседател, (прво полугодие,второ полугодие на породилно боловање) Ленче Вешковиќ-проф.по македонски јазик и литература, зам.претседател (второ полугодие) Златко Митков- проф.по македонски јазик и литература ,член (прво полугодие ,од второ полугодие заминат во пензија) ,Бранко Георгиев –проф.по македонски јазик и литература,член Валентина Пандова-проф.мо македонски јазик и литература,член (второ полугодие) Младен Костадинов-проф.по музичка култура,член и Радомир Кнежевиќ-проф.по ликовна уметност,член

**1.Стручно усовршување**

Активот продолжи да работи на лично и стручно усовршување преку:

-Редовна соработка со другите стручни активи,посебно со активот на странски јазици,

-Соработка со активи по аналогија и дополнување (Актив на општествено-хуманистичка група предмети, Актив на јазичари,ЕКО одбор,МИО тимот),

-Редовна соработка со Дом на култура ,,25 ти Мај” и градската библиотека ,,Гоце Делчев” Валандово

-Соработка со локалната заедница

-Соработка со родители

-Учество на семинари,обуки,работилници,предавања.

**2.Реализирани активности**

-Континуирана интеграција на ЕКО стандардите во наставните содржини и во училиштето преку практична изработка на упатства,паноа,апели...

-Поврзување на наставните содржини со содржини од проектот МИО

-Интензивна примена на ИКТ во наставата

-Обуки за он-лајн настава и ИКТ алатки,форми и методи за работа

-Подобрување на наставата преку примена на различни техники за активно и коперативно учење

-Интензивирање на соработка меѓу наставниците и учениците преку организирање на интерни квизови,натпревари,дебати и отворени часови

-Функционира Новинарски клуб во соработка со Институт за комуникациски студии-Скопје

-Организирање и учество на литературни конкурси и читања

-Одбележување на патрониот празник на уцилиштето-4ти Мај

-Одбележување на денот посветен на Св.Климент Охридски

-Одбележување на денот на мајчиниот јазук,21-ви Февруари

-Одбележување на денот на сесловенските просветители Св.Кирил и Методиј,24-ти Мај

-Соработка со Сојузот на друштвата по македонски јазик и литература на РСМ

-Учество на натпреварот МАССУМ,Државен натпревар по хорско пеење

-Интензивна работа на литературната,драмската и рецитаторската секција

-Посета на саем на книгата во Скопје и Валадово

-Останати тековни активности

**3.Детален извештај за натпревари и други вонnаставни активности од стручниот актив**

***МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА***

-Посета на театарската претстава,,Вујко Вања''во театарот во Струмица,

-Учество на конкурс за најдобра песна распишан од МОН по повод светскиот ден на поезијата,

-Проект на платформата за млади новинари,

-Учество на регионален натпревар по македонски јазик и литература во Неготино,

-Посета на театарска претстава ,,Младиот чорбаџија",во домот на културата во Валандово,

-Посета на Саемот на книгата во Скопје,

-Посета на театарската претстава,,Ти спиеш,тебе ти се спие",во Валандово,

-Изработка на видео за животот и дејноста на браќата Кирил и Методиј,

-Подготовка на рецитал по повод патрониот празник на училиштето,

-Обележување на денот на поезијата и др.

***МУЗИЧКА КУЛТУРА***

-Снимање на виде материјал (анкета) за нашето училиште,

-,,Беседа за Гоце"-рецитал во комбинација со др.елементи(учествуваа ученици од струката дентален асистент 1-ва год. и 2ра год.

-посета на две театарски претстави

-Учество на натпревар во Радовиш МАССУМ,при што освоивме 1-ва награда во соло пеење

-Учество на државен натпревар ,Здружение на музички педагози ,кој се одржа во Кичево,каде освоивме 1-во место со вкупни 193 бода,

-Учество на натпревар во Прилеп,категорија соло пеење (Ивана Коколанска), Здружение на музички педагози,освоено 1-во место со освоени 100 бода

-Учество на регионален натпреват (Марина Јовановиќ),освоено 1-во место ,со 93 бода.

***ЛИКОВНА УМЕТНОСТ***

-Изработка на цртежи од страна на учениciод репродукциски материјал на изложбата од професор Владимир Ѓоргиевски во домот на културата ,,25-ти Мај" Валандово

-Посета на археолошки збирки во домот на културата ,,25-ти Мај " Валандово.

Зам.претседател
Ленче Вешковиќ

***22.2 Извештај од работата на стручниот актив на општествено-хуманистичкото подрачје.***

Стручниот актив на општествено-хуманистичкото подрачје, изготви предлог-програма според која ќе се работи во тековната учебна година. Истата беше разгледана и потврдена. Се изврши избор на претседател на стручниот актив. За претседател е избрана Елена Гошевска.

Наставните планови и програми за работа по предметите во ОХ подрачје беа разгледани и споредени со потврдените учебници од МОН за работа и беше констатирано дека целосно ги покриваат предложените содржини. Дискутирано е да

се разгледа што би било потребно како наставни помагала и средства за надополнување на методите за работа. Беше разговарано дека е потребно подобрување на квалитетот на наставата со користење на ИТ. Исто така дека интерактивната настава е продуктивна, и се повеќе треба да се цели кон неа. Стручниот актив смета дека е потребно да се усогласат критериумите за вреднување и оценување на учениците. Беше дискутирано за планирање и реализирање на додатна и дополнителна настава, со кои треба да се минимизираат тешкотиите во учењето и продлабочување на знаењата на учениците во зависност од нивните потреби. Во месец Октомври (05.10.2023) се ораганизира настан - “Кампања за интегритет и добро владеење” од кабинетот на министерката Славица Грковска во истиот беа вклучени околу 30 ученика. По тој повод на 28.09.2023 (Четврток) се организира и реализира заеднички час на учениците од општествените подрачја. Во соработка со Природно математичкиот актив по предметот Биологија беше одржан заеднички час со ОХАиБ подрачје. Тема на часот: “Ноември - месец на борбата против зависностите”

Разгледуван е успехот на учениците на секое тромесечје.

Се аплицираше на гранд – МИО со Гостивар, и беа поделени обврски околу тоа, со цел секој член на активот да даде свој придонес со идеи.Грандот беше одобрен, но неговата реализација е планирана во месец Септември 2024 година.

По повод Новогодишните и Божиќните празници во месец Декември се организира “Новогодишен и Божиќен Базар” во кој беа вклучени голем број на ученици. На ден 15.02.2024 се организира заеднички час ОХ А и Б подрачје по предметите Вовед во право и Социологија на тема: “Влијанието на етничката припадност на лицата врз аннгажираноста во институциите”

Преку работна акција - Засади дрво ОХ А и Б подрачје и Земјоделската струка на 26.04.2024 година во училишниот двор засадија повеќе садници дрвца.

За крај на учебната година 2023/24 година се разгледа успехот на учениците од ОХ-подрачје.

Претседател: Елена Гошевска

Членови: Љубица Невеселова ,Јаворка Стојанова, Марија Коцева и Марјан Терзиев.

### *22.3. Извештај од работата на стручниот актив по странски јазици*

Стручниот актив по странски јазици го сочинуваат:

- Марија Узунов – професор по англиски јазик и книжевност
- Милка Каракотева- професор по англиски јазик и книжевност
- Даниела Ѓорѓиева- професор по латински јазик
- Елизабета Занова – професор по француски јазик

1. Стручно усовршување
   Активот продолжи да работи на лично и стручно усовршување преку:
   - Редовна соработка со другите стручни активи
   - Соработка со активот по македонски јазик,ЕКО одбор, МИО тимот
   - Соработка со родители
   - Учество на семинари, обуки, работилници и предавања

2. Реализирани активности
   - Континуирана интеграција на ЕКО стандардите во наставните содржини, пеку практична изработка на упатства, паноа, хамери и др.
   - Поврзување на наставните содржини од проектот МИО
   - Интензивна примена на ИКТ во наставата
   - Подобрување на наставата преку примена на различни техники за активно и кооперативно учење
   - Интензивирање на соработката меѓу наставниците и учениците преку организирање на интерни квизови, натпревари дебати и отворени часови
   - Обележување на патрониот празник на училиштето
   - Учество на државниот ЕЛТАМ натпревар по англиски јазик
   - Учество на натпреварот “Француска шансона,,

3. Детален извештај за натпревари и други вонnаставни активности од стручниот актив
   - **Англиски јазик и литература**
     - Културен спој- одлики и културни разлики (учество на учениците од II-1, III-1 и девветто одделение од основното училиште “Јосип Броз Тито,,- Валандово, со наставничката по англиски јазик Наташа Стојаноска)
     - Учество на ЕЛТАМ- натпревар по англиски јазик
     - Организација на School bazzar преку промоција на производите од нашето училиште и креативни изработки на учениците од сите години
     - Организација на “Tresh fashion,, за денот на планетата Земја со цел заштита на животната средина, преку креативно изразување на повеќето ученици од училиштето (I-3, II-1, II-2, II-3, III-1 и III-3)
     - Изработка на проект за зачувување на животната средина од страна на учениците од II-2 I II-3
     - Анкетирање на деца од предшколска возраст со посета на детска градинка “Калинка,, со цел формирање на статија за познавањата

на Англискиот јазик од рана годишна возраст

- **Француски јазик**
  - Натпревар “Француска Шансона,,- Скопје, одржан на 13-ти Април, организиран од фондацијата “ Бел Идеал,, и здружението на професори по француски јазик

- **Латински јазик**
  - Презетација за Гај Јулие Цезар – Сандра Камчва- III1

Стручен актив по странски јазици

Претседател: Марија Узунов

### 21.4 *Извештај од работата на Природно-математичкиот стручен актив*

Активот на природноматематички предмети ги опфаќа предметните наставници по следните предмети: математика, физика, информатика, хемија, биологија, географија, стручните предмети од здравствено-социјалната струка (дентален асистент), стручните предмети од машинската струка (техничар за компјутерско управување) и изборните предмети од природно-математичките подрачја А и Б гимназија.

Членови: Сељами Тахир, Александар Пандов, Милан Гугицев, Тања Тунгелова – Кимова, Марјан Лазаров, Тања Наумова, Георги Гугицев, Ангелина Занова, Владимир Пилиповиќ, Драгица Дончева Накова и м-р Стојан Манолев.

Цели: **Унапредување на настава по предметите во активот.**
**Соработка со семејствата и локалната заедница**
**Професионален развој**

Во насока на реализација на целта донесена е програма за работа на активот во која се забележани целите, содржината, реализатор, време на реализација, ресурсите и очекуваните ефекти по месеци настаните и активностите за вклучување како на учениците така и на самите наставници. Во однос на исполнувањето на целите, сите наставници повеќе од очекуваното ги извршија своите цели и задачи. Во повеќето училници во кој се изведува наставата инсталирани се смарт табли, со којшто дополнително се олеснува процесот при реализација на наставата планови и програми. Организирани се повеќе родителски средби и учениците од стручните смерови успешно се интегрирани во локалната заедница. На професионален развој

сите наставници имаат посетувано доволен број на обуки и организирани се неколку натпревари во училиштето.

Во однос на бројот на состаноци, како актив имавме три официјални состаноци и повеќе индивидуални средби. На состаноците се разговараше за идентификување на проблемите и реализација на активности. Како стручен актив бевме одговорни за организација на регионален натпревар по математика за учениците од средно образование кој се одржи на 2.3.2024

Според извештајот од е-дневникот 3 наставници или 27% од наставниците одржале додатна настава и 5 наставници или 45% одржале дополнителна настава.

25.6.2024, Валандово претседател на стучен актив за 2023/2024

Александар Пандов

**21.5 *Извештај од работата на стручниот актив по ,, Спорт и спортски активности" за 2023/24***

Реализирани активности покрај редовните часови во I (прво) полугодие по месеци се:

* Октомври- Поради врнежливото време е откажан велосипедскиот крос закажан за 11ти Октомври

* Ноември- на 3ти Ноември е одржан Спортскиот ден (Атлетски натпревари)

- на 5ти Ноември се реализираше спортската активност Планинарење по падините на Плауш!!!

*Декември- Предвидениот час по Пливање е откажан поради високите цени на картата и немање интерес кај учениците!!!

Оценките внесени во Е-дневникот да се земат со резерва!!!

*Критериумите за оценување се однесуваат на области и подрачја кои се разгледуваат преку цела година па затоа формативното оценување не е одраз на вистинските постигнувања!!!

*Бидејќи учениците имаат тековни активности преку целата година периодично и индивидуални кои влегуваат во критериумите за конечната оценка (норми, организација и реализација на настава и проектни активности и сл.) , полугодишните оценки да се согледуваат со резерва, затоа што не се одраз на реалните постигнувања на учениците.

-Реализирани активности покрај редовните часови во II полугодие по месеци се:

* Април- поради лошите временски услови се одложија предвидените настани како Општинскиот крос и др.

* Мај- им се даде можност на учениците кои неможеа да присуствуваат на денот кога се реализираше спортската активност Планинарење тоа да го реализираат во овој месец. Услов за реализација е да се искачат до Манастир Св. Ѓорги и Кулата!!!

-Завршен тест за издржливост 3000м.

Резултатите и постигањата на учениците варираат од катастрофално слаби до ЕКСТРА добри во зависност од индивидуалните способности на учениците и од припадноста во групите (класовите).

Бидејќи од поодамна во училиштето успехот и резултатите не се примарната цел, натпреварите како носечки критериум за оценување на учениците ја губи својата смисла.

Преседател:

Зоран Јовановиќ

## 21.6. *Извештај за работата на училишната економија и активот на Земјоделско-ветеринарната струка*

Активот во учебната 2023/2024 година одржа неколку состаноци на кои се разгледуваа различни активности и средби, како:
-организирање на наставата за учебната 2023/2024 година
-план и програма за спроведување на активности за тековната година во земјоделската струка
-изработка на индивидуални планови за професионален развој на наставниците во струката
-избор на предлог-кандидат за училишен одбор од активот
-разгледување на успехот и дисциплината на учениците во земјоделската струка

Во рамките на училишната економија беа реализирани голем број на активности:
-обработка на земјоделските површини, лозовиот насад и насадот со јапонска јаболка
-површината од 4.5 ха беше посеана со јачмен ожнеано 17 тона
-берба на лозовиот насад 1100 кг грозје и преработка на грозјето во вино 450 литри, ракија 20 литри и мастика 60 литри
-производство на вино

-берба на калинка 600 кг
-производство на сок од калинки 100 литри
-садење на пластеникот со пролетни култури и нивна продажба, домат 150 кг, краставица 200 кг, пролетна зелка 200 кг, компир 200 кг, спанаќ 50 кг, кромид 400 корени, марула 300 глави, целер 180 глави (корен) и цвеќе 2000 саксии
-производство на мастика
-одгледување на пчелни семејства
-производство на органско ѓубриво (компостирање на хартија и разни отпадоци)
-соработка со голем број на фирми од нашата општина, учење преку работа кај работодавач
-посета на плантажа Римако
-Реализација на настан “Есенски златни бои преточени во валандовски плодови”
-учество на Валандовска ракијада
-Учество на настан “Божиќна ноќ Валандово”
-учество на МАССУМ,освоено второ место,Штанд
-учество на државниот тракторски натпревар,одржан во Ресен
-посета на средно стручно земјоделско училиште во Аранѓеловац
-посета на винарија Ризов
-инсталација на црева за наводнување од пумпата до шпаљирот и фудбалските игралишта и изработка на шахти, проверка на цревата на кап по кап и нивна замена во шпаљирот
-склучен договор со Тика Турција за нова стаклена оранжерија од 300 квадрати
-жетва на јачмен
-учество на отворен ден на нашето училиште и претставување на струките пред деветоодделенци од нашата општина
-организација и реализирање на феријална пракса на учениците во неколку фирми од нашата општина

Активот ја има во потполност реализирано планираната програма за работа на активот во оваа учебна година. Останува да се реализираат уште оние активности кои треба да се завршат во периодот што следи според програмата.

Секој месец се имаат одржувано најмалку по еден состанок а во некои месеци и повеќе според појавената потреба за тоа. Има 20 Записници и треба да се реализираат уште 2 Записника и тоа за извештај за работа на актив од актуелниот и избор на нов Претседател на актив за следната учебна година.

Претседател на стручен актив
Васил Узунов

## 23. Извештај од работата на Училишен инклузивниот тим на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово

Училишниот инклузивен тим (УИТ) е формиран во септември во учебната 2023/24 година. Во соствот на УИТ влегуваат:

- Емилија Зафирова Петков- Специјален едукатор и рехабилиатаор
- Васе Митев – педагог,
- Елизабета Чилевска Пандева –наставник,
- Тања Тунѓелова-Кимова- наставник,
- Ташка Гетова –директор.
- Александра Каракамишева - родител

Одржани се вкупно 5 состаноци во текот на учебната 2023/24 година. На првиот состанок кој се одржа во месец август се донесе Програмата за работа на УИТ.ИТУ донесе одлука да се формира тим на наставници за работа со надарени и талентирани ученици. Одговорен наставник е назначен Стојан Манолев кој заедно со својот тим изготвија Програма и Акционен план за работа со надарени и талантирани ученици.

На вториот состанок по изложување на специјалниот едукатор и рехабилитатор кои се идентификувани ученици со ПОП, се донесе одлука да се изготват Инклузивни тимови за учениците со ПОП. Донесени се одлуки да се формираат 2 Инклузивни тимови за ученик за 2 ученци со наод и мислење кои се запишани во IV год. земјоделско-ветеринарна струка (ИТУ). Се донесе и одлука да се прати и барање до Општина Валандово да обезбедат 2 лични асистенти кои ќе бидат ангажирани преку општината за 2 ученика со пречки во развој запишани во IVгод. земјоделско-ветеринарна струка. Исто така се робара од општината да овозможи превоз за ученик со ПОП. Барањето не беше одобрено и небеше ангажрано лице како лиен асистент на учениците со ПОП.

На третиот состанок се донесе одлука да се работи со диференциран пристап за учениците со потешкотии во учењето (дискалкулија, дисграфија и дислексија) кои беа идентификувани од страна на специјалниот едукатор и наставниците. Овде беше изложен и напредокот на учениците кои следат настава по ИОП.Четвртиот и петтиот состанок беше во насока на следење на постигнување на учениците со ПОП и оценувањето на исите на крајот на учебната година.

УИТ под координаторство на специјалниот едукатор и рехабилитатор, континуирано преку целата учебна година го следи напредокот на учениците со ПОП, дава непосредна подршка при реализирање на наставата на наставниците и на учениците. УИТ редовно одржува контакти и води разговори со родителите на учениците со ПОП во насока на советување, соопштување на напредокот и сл.

УИТ на почетокот на наставната 2022/23 год. работеше со наставниците во насока да се приспособи наставната работа на развојните и индивидуалните потреби на учениците. Се водеше сметка наставниците во наставните планирања во сите предмети да користат современи методи, форми и средства за работа во насока почитување на индивидуалните разлики на учеиците и стилови на учење.

Според Програмата за работа на УИТ, содржините во истата се во голем дел реализирани.

Подготвено од Координатор на УИТ<br>
Емилија Зафирова Петков<br>
Специјален едукатор и рехабилитатор

## 23.1.Извештај за работа со талентирани и надарени ученици

Извештајот за работа со надарени и талентирани ученици е направен во согласност со акциониот план за активности во текот на учебната 2023/2024 година, донесен во 2022 г и надополнуван секоја наредна година.

1.Изработен план , прилог табела 1.

Врз основа на Одлуката бр.03-468/1 од 16.12.2022 год од Училишниот инклузивен тим на училиштето назначен како координатор на тим од наставници за работа со талентирани и надарени ученици, е донесен Акционен план во функција на програма за работа со надарени/талентирани ученици во СОУ „Гоце Делчев“ – Валандово.

Програма за работа со надарени –талентирани ученици

| Активности | Цели | Задачи/реализација | реализатори | Време на реализација | **ефекти** |
|---|---|---|---|---|---|
| Идентификација на надарени ученици | - да се идентификуваат надарените/ талентираните | Идентификација на надарени и талентираните | Тим од наставници и УИТ (училишен инклузивен тим) | Септември -јуни | **Евиденција на надарените** |
| Изготвување програми за работа со надарени ученици | - Да се разбере потребата на ученикот и неговиот талент | Планирање на работата со талентираните | Тим од наставници и УИТ (училишен инклузивен тим) | Септември | **Услови за забрзување на образованието** |
| Поттикнување на посебните способности на учениците и мотивирање на учениците за натпревари, конкурси | - Да се поттикнува и развива надареноста | Континуирано по идентификација на учениците | Тим од наставници и УИТ (училишен инклузивен тим) | континуирано | |
| Поддршка на наставниците во работа со ученици | - Да се дадат насоки за индивидуален пристап | Континуирано | Тим од наставници и УИТ (учили | континуирано | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | шен инклузивен тим) | | |
| Следење на работата со надарените и талентираните ученици | - Да се направи ревизија на програмата за работа на надарените ученици | Квалитетна реализација на индивидуалните програми | Тим од наставници и УИТ (училишен инклузивен тим) | континуирано | |
| Советодавно – консултативна работа со ученици, родители и наставници | | Подобрување на социоемоционалниот статус на ученикот | Тим од наставници и УИТ (училишен инклузивен тим) | континуирано | **Обезбедување на услови за упис на соодветни универзитетски институции, стипендии и слично** |
| Анализа на постигањата на надарените/талентираните ученици во наставните и воннаставните активности | - Да се следат постигнувањата на надарените ученици | Следење на индивидуалните постигања на надарените ученици | Тим од наставници и УИТ (училишен инклузивен тим) | континуирано | **Промоција на училиштето** |

Табела 1. Акционен план

2. За сите ученици кои посетуваат некои афинитети се мапирани од страна на предметните наставници и е обезбедена стручна поддршка, информација за соодветни активности по области, техничка поддршка и финансиска поддршка од училиштето (превоз, обезбедување на патни трошкови и котизација);

3. Постигањата на талентираните учениците во соодветните дисциплини се **промоција од највисок степен** пред наставничкиот совет на училиштето, во локалната средина (локалната самоуправа и потенцијалните средношколци – учениците од основното образование во општината Валандово и регионот); наградените ученици се дел од извештаите за работа на предметните наставници во стручните активи; Позитивно е тоа што може да се најдат наградени ученици или освоени први, втори и трети награди од општински, регионални, државни се до меѓународни натпревари.

4. Локалната самоуправа (градоначалникот и Советот на општината) ги мотивираат талентираните и наградените ученици и нивните ментори со соодветна финансиска поддршка.
5. Забележливо е фактот што надарените и талентирани ученици речиси истите се вклучени во повеќе натпревари од различни области, што на некој начин е "оптоварување", па треба ***да се размислува на поголема соработка помеѓу еден стручен актив со друг*** или помеѓу членови на ист актив за да се искоординираат во смисла да се форсираат во една област на натпреварување и да не се оптеретуваат постојано исти ученици. Во таа смисла ***потребна е и дополнителна едукација*** на предметните наставници за откривање на други надарени и талентирани ученици во други области за кои се организираат натпревари од средното образование на државно ниво а ние не учествуваме со наши ученици на тие натпревари.

26.06.2024 г, Валандово
м-р Стојан Манолев

**24. Извештај за работата на училишниот одбор при СОУ „Гоце Делчев" Валандово во учебната 2023/24 година**

Членови на Училишниот одбор при СОУ „Гоце Делчев" – Валандово се:

1. Елизабета Чилевска Пандева - претставник од училиштето – наставник-Претседател
2. Милка Каракотева – претставник од училиштето - наставник
3. Златко Јанчев - претставник од училиштето – наставник – Заменик-Претседател
4. Ристе Стојанов – претставник од училиштето - наставник
5. Лујза Тошева – претставник од родителите
6. Сара Митова – претставник од МОН
7. Лепа Костадиноска – претставник од основачот
8. Валентина Зајкова - претставник од основачот
9. Сашо Нунов - претставник од основачот

10. Ленче Вешковиќ - претставник од родителите
11. Стојче Атанасов - претставник од родителите

Поради тоа што членот - претставник од училиштето – наставник Ристе Стојанов е Претседател на училишната синдикална организација и двете функции не можеле да функционираат паралелно, тој си даде оставка. На Наставнички совет беше едногласно изгласано нов член од редот на наставниците да биде петтиот на листата по број на освоени гласови, наставникот Милан Гугицев.
Училишниот одбор тековно ги усвои, ги разгледа или донесе одлука за:

- Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2022/23 година;
- Предлог-Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/24

година;

- Предлог кандидати по оглас за вработување на наставници на определено време по основ старо финансирање за учебната 2023/24 година;
- Стратегија за уписна политика на училиштето;
- Предлог за избор на кандидат по оглас за вработување на благајник на определено време по основ замена заради породилно отсуство;
- Барање од Кувет Тера Мегдан;
- Отуѓување/продажба на дрва останати од расчистувањето на школскиот двор/парк;
- Проширување на планот за јавни набавки на училиштето за 2023 година;
- Објавување на оглас за избор на Директор на училиштето;
- Формирање на комисија за разгледување на поднесени документи по оглас за избор на директор;
- Предлог годишен финансиски план за 2024 година;
- Предлог годишен план за јавни набавки за 2024 година;
- Воведување на нови образовни профили од струките Електротехника, Здравство и социјална заштита, Економија, право и трговија;
- Избор на предлог кандидати за вработување на наставници на определено време за учебната 2023/24 година до 31. VIII 2024 година;
- Избор на Директор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово;
- Избор на предлог кандидат за заменик претседател на Училишниот одбор поради заминување на породилно боледување на Претседателот на УО;
- Избор на предлог кандидати за вработување на наставници по распишан оглс по Македонски јазик на определено работно време за учебната 2023/24 година до 31. VIII 2024 година;
- Извештајот од годишен попис за 2023
- Усвојување на завршна сметка на училиштето за 2023 год.
- Одлука за изградба на оранжерија во училишниот двор
- Отуѓување/продажба на дрва од расчистувањето на школскиот двор/парк на местото каде ќе се гради оранжеријата.
- Континуирано следење на успехот, редовноста и резултатите на учениците;
- Константна поддршка за обезбедување на професионален развој на наставниците;
- Реализација на други прашања утврдени со Статутот на училиштето.

Претседатели на УО

Елизабета Чилевска Пандева

Милан Гугицев

## 25. ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА

Во ова подрачје се одвиваа активности според програмата за професионална ориентација.

Учениците од втора година гимназија беа запознати со подрачјата кои треба да ги изберат за трета и четврта година – општествено-хумнаистичко и природно математичко подрачје и комбинациите на изборни предмети под А и Б. Изборот на подрачјата беше направен преку анкетирање на учениците.

Со цел информирање на учениците за профилот на занимања, подобрување на вработливоста, потикнување на активности за личен и професионален развој, избор на високошколска установа и користење на информатичка технологија при барање работа беа реализирани работилници и предавања од следниве области: Избор на занимање, подготовка на професионална биографија и насловно писмо, активно барање работа и интервју за работа. Беше реализирано истражување со учениците од четврта година за нивните ставови во врска со понатамошно образование на некоја високошколска институција.

Училиштето беше посетено и од тимови од повеќето факултети од Македонија при што учениците беа непосредно запознати преку презентации за условите за запишување и студирање на факултетите и изборот на идното занимање.

Во училиштето постои и Кариерен центар каде учениците доколку покажат интерс имаат можност да се информираат повеќе за својата идна кариера и преку индивидуално кариерно советување да дознаат повеќе за своите способности и можности. При реализацијата на професионалната практика учениците како дел од програмата на кариерниот центар има средби со менаџерите на тие компании и да се запознаат со тоа како се станува успешен менаџер на компанија при што ученициите пополнуваа сосодветни формулари кои подоцна се анализираа. Мал дел од учениците покажаа интерес за индивидуално кариерно советување. Во рамките на слободни часови на училиштето во втора година со учениците се реализираше програмата за Планирање на кариера.

## 26. Извештај за реализирани проекти

### 25.1. Проект „Промоција на безбедна училишна средина“

Проектот „Промоција на безбедна училишна средина“е поддржан од Детската

фондација Песталоци (Kinderdorf Pestalozzi) , а реализиран од Коалиција на младински организации СЕГА. Проектот се спроведува во партнерство со МЦГО - Македонски центар за граѓанско образование / МСЕС, Прва детска амбасада Меѓаши / First Children's Embassy Megjashi и SmartUp - Social Innovation Lab, во периодот септември 2023 – август 2026 година.

Целта на проектот е да придонесе кон остварување на правото на децата за квалитетно образование во безбедна и партиципативна училишна средина во основните и средните училишта. Проектот ќе се фокусира кон креирање на безбеден простор на децата и младите во училиштата преку активна поддршка за справување на сите форми на насилство врз децата, како тема која е актуелна помеѓу децата и младите.

Во месец октомври се подготвуваше апликацијата за учество на овој проект од страна на проектниот тим. Конкурсот за учество беше објавен јавно на социјалните медиуми. Крајниот рок на апликацијата беше на 24 октомври 2023г.

На 1 ноември 2023г. училиштето доби потврден одговор дека е помеѓу 12 избрани средни училишта да учествуваа на овој проект. Од 10-11 ноември се реализираше Воведната Работилница за сите избрани училишта, во хотел Континентал во Скопје. На работилницата беа претставени реализиторите на проектот, целите на проектот, акциониот план и се потпишаа договорите.

Во месец ноември се реализираа 3 работилници за учениците од ученичката заедница. Ментор на работилниците беше АнаМарија Јованова од Центар за истражување Новус:

Обука „Комуникациски вештини“ 21 ноември 2023г.

Обука „ Истражувачки методи и алатки“ 27 ноември 2023г.

Развивање на ученички проект/ иницијатива 15 декември 2023г.

По завршување на обуките учениците развија проктна апликација и буџет кој беше прифатен и финансиран со 30000ден. До крајот на учебната година се спроведе ученичката иницијатива „Кафето има милион приказни“ преку која учениците уредија простор во училиштето (поранешна сендвичара). Создадоа катче за дружење, соработка, поддршка помеѓу учениците, наставниците, родителите. Се обезбедија бои, четки, друштвени игри, украси за декорација и сл.

Партнерот SmartUp - Social Innovation Lab одржа работилница во СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ - Кавадарци, на која земаа учество учениците, наставниците и стручните соработници од 3 средни училишта меѓу кои и нашето училиште. Работилницата беше на тема „Дизајнерско размислување“.

По обуката учесниците имаа задаша да развијат 5 предизвици преу дизајнерско размислување и пронајдат решенија. За оваа задача беше назначен ментор од СмартАП кој преку онлајн сесии ги водеше учениците при дефинирањето на предизвиците.

Во месец мај од страна на надворешен соработник Живка Панова Саздова, фасилитираше 2 полудневни работилници во просториите на училиште (3-4 часа) со цел развивање на функционална и применлива политика за заштита на деца од злоупотреба и насилство. Учествуваа околу 20 учесници, меѓу кои директорот/ката, стручни соработници и наставници од нашето училиште. Со истите учеснци се оддржа и онлајн средба на 7 јуни 2024г. каде беа финиширан документот „Политика за заштита на децата од насилство“ кој беше усвоен на наставнички совет во август 2024г.

Од 13-15 мај 2024г. од страна на партнер организацијата Прва детска амбасад „Меѓаши“ се одржа тродневна работилница на тема унапредување на капацитетите на стручните служби во училиштата на која 2 претставници од нашето училиште учествуваа (Емилија З.П. и Љубица Н.)

Активностите од овој проект продолжуваат и во следните 2 учебни години.

### 25.2. Еразмус + проект „Чекор по чекор во 3Д принтањето“

Во учебната 2023/24 година се реализираше проектот „Чекор по чекор во 3Д принтањето“ со ученици и наставници од машинската струка.

СОУ „Гоце Делчев“ од Валандово во овој проект е партнер-училиште и е е добитник на грант преку Еразмус+ програмата. Проектот е одобрен од Националната агенција на Република Србија- Темпус и вклучени се и партнер училиштата, Техничката школа од Пирот, Република Србија како координатор и 1st EPAL of ELEFTHEROUPOLI, Eleftheroupoli од Република Грција. Проектот е од Еразмус+ КА210-VET проект – мали партнерства за 2023 година и е наменет за учениците од Машинската струка – Техничари за компјутерско управување. Преку проектот учениците и наставниците имаат можност да разменат знаења и искуства и да развијат заеднички производи со ученици од други земји. Главната цел на проектот е да се развие силна основа во дигиталното моделирање за да можат учениците и наставниците да користат алатки и компјутерски софтвери, како и да научат дел од креативните и техничките вештини кои се кријат зад уметноста на 3Д светот.

Цел на проектот е учесниците да изработат дидактички материјал, и тоа: Прирачник за 3Д моделирање и печатење; Прилагоден прирачник за ученици со потешкотии во учењето; Курикулум за 3Д принтање и Изработка на веб платформа наменета за 3Д печатење.
Проектот се реализира од 01.10.2023 до 31.03.2025 година со три мобилности во трите држави. Секоја мобилност има посебна тема на работа.

Првата мобилност „From idea to 3D model” („Од идеја до 3Д модел“) се реализираше во Техничката школа во Пирот, Република Србија од 05 до 09 февруари 2024 година.
Втората мобилност од проектот „Convert and Print” („Конвертирај и печати“) “) се реалиизираше од 25 до 29 март 2024 година, токму во СОУ „Гоце Делчев“ од Валандово.
Третата мобилност ќе биде реализирана на тема „3D printing inindustry” (Индустријата на 3Д печатењето“), во текот на октомври месец 2024 година во 1st EPAL of ELEFTHEROUPOLI, Eleftheroupoli од Република Грција.

## 25.3. Еразмус+ проект „Паметна одржлива школа за животни вештини“

Нашето училиште е партнер во Еразмус + проектот „Паметна одржлива школа за животни вештини" ("Pametna održiva škola za vještine za život" 2023-1-HR01-KA122-SCH-000149623). Во периодот од 13 до 17 мај 2024 г. СОУ Гоце Делчев Валандово беше домаќин на Средно училиште Андрија Качица Миосица од Плоче, Р. Хрватска.

Преку детална изработена 5 дневна програма учениците од двете училишта имаа можност да учат, соработуваат и да се дружат.

Беа реализирани бројни активности и посети од областа на Екологијата, биоразновидноста и зелените технологии. Изработија вертикални градини за прочистување на воздухот. Ја посетија агрометеоролошката станица и се запознаа со нејзината примена во земјоделието. Го посетија Дојран и таму креативно го претставија човековото загадување на природата. Селектираа отпад и се запознаа со апликацијата Селектирај отпад. Рециклираа отпад и изработија честитки, кутии и украси од рециклирана хартија. Се запознаа со процесот на компостирање во училиштето и имаа интерактивни предавања.

## 25.4. Проект од РЦФ фонд „Skills and knowledge - UP“

Во учебната 2023/2024 г.започна имплементацијата на проектот во нашето училиште, добиен од Regional chellinge found. Реализрани се следниве активности:
- Потпишување на договор
- Преку повторна проценка на проектниот буџет, сумата од 360 000 евра беше зголемена на 472 458 евра.

- Подготвување на тендерска докоментација и подготвување на спецификации за предвидената опрема
- Подготвување на програма за предвидените обуки
-Соработка со партнерите

Активностите од овој проект продолжуваат и во следната учебна година.

### 25.5. Еразмус+ проект „Ајде да зачуваме“

Нашето училиште е партнер во проектот КА 152 YOU- Мобилност за млади. Носител на проектот е Младински центар Трбовље, Словенија. Наши наставници и ученици учествуваа на малдинска размена во периодот од 26.08-02.09.2024г. заедно со учесници од Шпанија, Италија и Словенија. Целта е да младите го рефлетираат на својот идентитет, навиките за исхрана и препознавање на важноста на традиционалната кујна и значењето на „кулинарско наследство“ како дел од одржливо производство на храна и консумирање на истата. Учесниците на мобилноста ќе добијат Youthpass сертификати.

## 27. МИО активности во училиштето

### Извештај за работата на тимот за меѓуетничка интеграција во образованието во учебната 2022/23 година

### Извештај за реализација на МИО активностите за учебната 2023/2024г.

Проект ,,Меѓуетничка интеграција,, нашето училиште го реализира континуиран, истиот се реализира секоја учебна година. Проектот има за цел да ги зголеми интегративните процеси преку образованието. Затоа се реализираат активности, како во училиштето, со заедницата и партнер училиштето.
Во училиштето соработката со активите е постојана и по потреба:
Активот по општествени предмети и активот по македонски јазик и литература доминираа во во реализација на самостојни и заеднички активности.
Предметните наставници во Годишниот наставен план и програма, т.е. поврзување на наставни единици со МИО тематики на 1 до 2 наставни часа;
-Реализиран МИО календарот во текот учебната година со конкретни наставни единици од соодветните предмети каде се реализира.
- МИО активности на класните часовите од животни вештини- работилници со цел учениците да се мотивираат да истражуваат за сличностите и разликите меѓу културите и да ги почитуваат истите во духот на меѓуетничката интеграција;

Се подготви апликација за МИО по иницијатива на вработени во нашето училиште, за знаменитостите во нашата држава : Историски белези, за кои заедно со партнер –училиштето одлучивме да реализираме посета на археолошко наоѓалиште Исар – Марвинци, посета на Дом на култура и Дојран и водите на дојранско езеро кое ќе ги инспирира нашите ученици да доловат некој момент преку фотографија. Овие активности не се реализирани, и истите ќе бидат реализирани во почетокот на септември.

Вредноста е 30 000 денари и се реализира во соработка со СОУ „Гостивар“ од Гостивар во Валандово и Дојран.

За реализација на активностите вклучени беа професори од двете училишта од повеќе активи. Од нашето училиште се:
Марија Коцева, Марјан Терзиев, Јаворка Стојанова, Елена Гошевска.
Се продолжи со континуирана соработка на наставниците за професионални и други потреби поврзани со меѓуетничката интеграција на учениците со наставници од сопственото,но и од други училишта. Соработката со наставници од партнер училиштето кои реализираат настава на друг наставен јазик. Вметнати работилници во годишното и тематското планирање.

## 28. Извештај од работата на ЕКО-одбор при училиштето за учебната 2022/2023

Учениците и вработените ги почитуваат упатствата за одржување на зградата, ~~и~~ здрава средина во училиштето, ~~и~~ обезбедување на здрави услови за работење и престој во училиштето.
Области на спроведени активности на Еко одборот:
**Контрола на електрична енергија:**

- Се намалени сметките за електрична и топлинска енергија во споредба со претходната година. Извор: Споредба на сметки;

- Поставување на истакнати упатства за рационално користење на електрична и топлинска енергија, чисти ПВЦ прозорци.

- Поставување на фотоволтаици на училишната зграда со што потрошувачката на електришна енергија се налила за 100%

**Контрола на потрошувачка на вода:**

- За 50% се намалени сметките за вода од претходната година;
- Сите чешми се нови и санирани;
- Поставување на кап-по-кап во училишниот двор (проект Вертикални градини)
- Искористување на бушотината во училиштето, поставување на тајмери за контрола на влажноста на почната со што се намали порошувачката на пивката вода за одржување на училишниот парк за 100%

**Хортикултурни активности:**

- Во склоп на училиштето имаме едукативна еко-мини градина (стаклена градина).Уреден е холот во училиштето со собни цвеќиња исто така засадени се локални цвеќиња, поставени клупи и корпи во училишниот двор, искосена трева, поставени цветни жардинери во училишниот двор, искастрени и уредени дрвја.
- Во училиштето има изработено компостер кој е поставен од учениците од земјоделската струка и органското ѓубриво добиено од компостерот кој оваа

година беше околу 100кг. се користи за потребите за производство на градинарски култури.

- **Имплементација на еколошка интерграција во наставата:**

- Со имплементација на еколошката едукација во наставата, учениците се информираат и едуцираат по сите предмети кој ги изучуваат, со активностите кој се предвидени со еколошкиот календар;
- Предметните наставници 30% ја имплеметираат еколошката интеграција во тематската програма. Извор: преглед на планирани и реализирани наставни содржини во дневниците
- **Еко-филмови**: Организирајте проекција на документарни филмови за заштита на животната средина и одржувајте дискусија со учениците за видената содржина.
- **Научни експерименти**: Подгответе практични експерименти кои ги илустрираат последиците од загадувањето на водата, земјиштето и воздухот за да им помогнете на учениците подобро да ги разберат еколошките прашања. Идеја 1, Идеја 2, Идеја 3
- **Креативни работилници:** Организирајте работилница каде што учениците самостојно ќе подготвуваат постери, цртежи или видео материјали кои промовираат заштита на животната средина и зачувување на природните ресурси.
- **Предизвик „Зелен клас“**: Дозволете секој клас да дизајнира и спроведе проект за животна средина во училиштето (на пр. воведување компостирање, правење куќички за птици, организирање велосипедска недела итн.). Класот со најуспешен проект добива признание и награда (знаете што најмногу сакаат учениците).
- **Еко-уметност**: Организирајте изложба на ученички уметнички дела направени од рециклирани материјали. Учениците ќе научат за важноста на рециклирање и повторна употреба на ресурсите додека ја развиваат нивната креативност.
- **Зелена дебата**: Организирајте дебата на тема екологија, каде што учениците ќе истражуваат и бранат различни позиции за заштита на животната средина и одржлив развој. Ова ќе поттикне критичко размислување и развивање на комуникациски вештини.
- **Училишен еко-код:** Дизајнирајте „Зелен кодекс на однесување“ за вашето училиште, вклучувајќи предмети како што се заштеда на енергија, намалување на употребата на хартија, правилно отстранување на отпадот итн. Оставете ги учениците и наставниците да го потпишат овој код и строго да се придржуваат до него. Бидете пример што ќе сакаат да го следат!
- **Еко-квиз:** Подгответе забавен квиз со прашања за екологија, заштита на животната средина и зачувување на природните ресурси. Учениците ќе учат нови факти, а најуспешните тимови ќе добијат симболични награди.
- **Еко-**Trash fashion:Подржете ги учениците во организација на настан преку која ќе ја искажат својата креативност, поттикнување на учениците и ширење на

пораката за важноста од намалување на отпадот преку неговата реупотреба.

- **Еко-талент шоу**: Охрабрете ги учениците да подготват презентации, песни, скици или други креативни изведби кои промовираат заштита на животната средина.
- **Локална акција:** Соработувајте со локалните еколошки организации за учениците да учествуваат во расчистување паркови, садење дрвја или други еколошки проекти во заедницата.
- **Еко- проекти:** Охрабрете и подржете ги учениците да учествуваат во еко проекти.

➢ **Активности**

- Постоење на ученичка **еко патрола**(ученици вклучени од прва година),која во текот на учебна година секоја недела изготвуваат извешај за состобата во училиштето.
  - Учениците својата еколошка свест ја изразуваат креативно со изработка на презентации, постери, флаери, рециклирање, учество на натпревари од областа на животната средина. Континуирано се работи на обележување на деновите од еко календарот. Има склучено меморандум за соработка со локалната самоуправа и јавното комунално претпријате исто така има тесна соработка и со локалниот медиум- медиумите(радио-Валандово ) и соработка со еколошки здруженија.

  - Во организација со министерство за животна средина во Скопје на ден 22.03 .2024 се одржа настан во Градскиот парк во Скопје, по повод ден на планетата Земја. Учениците од четврта година Сања Ѓеорѓиева , Јордан Стојаноски и Ивана Коколанска , под менторство на професорот Милан Гугицев презентираа и изведоа експерименти од областа на хидрологијата.
  - Аплицирање на иновативни еколошки проекти
  - По повот денот на планетата земја се организираше еко Trash fashion-на кој земаа учество 11 учесника (од 10 класа) со нивните иновативни креации и ширење на пораката за важноста од намалување на отпадот преку неговата реупотреба.
  - Одбележување на 21 март -ден на еколошката акција нашите ученици од сите години земаа учество во садење на садници -донација од еколошко здружение ( )

  - Спроведување на дебата на тема: „ВЕШТАЧКИ ЃУБРИВА- ЗА ИЛИ ПРОТИВ“
    - Вклучени ученици од 1-ва до 4-та година;
    Организатор: Ангелина Занова
    - Учениците од четврта година(Ивана Коколанска ,Сања Георгиева и Јордан Стојановски и професорите Стојан Манолев

, Ангелина Занова и Милан Гугицев , учествуваа на виртуелната студенска конференција-Европа и Евроазија 2024 одржана на 07.03.2024 по повод на светскиот ден на планетата земја .Нашите ученици Ивана Коколанска и Сања Ѓеорѓиева се добитници на прва награда (стипендија за учество на студентската конференција ГЛОБЕ која се одржа на 22 април 2024 во Чешка, Мелник.) во категорија песна и спот "**Молитва на дрвото".**
Нашиот ученик Јордан Стојаноски на конференцијата сподели свои лични искуства за заштита на планетата Земја.

- Собирање на метални, алкални батерии, во координација со ПАКО;
- Собирање на друг вид на отпаден матерјал кој се рециклира и се наменува за trash fashion –натпревар .
- Учениците се вклучени во –Селектирај отпад, акцијата ја спроведува ЈП Комунален сервис Валандово ,секој петок скенираа код и селектираната хартија и пластика ја ставаат во посебно обележени вреќи со код.
- Компостирање на искосената трева од училишниот двор и искористената хартија .

.

Извештајот е подготвен од:

1. Ангелина Занова –еко координатор
2. м-р Стојан Манолев – претседател на Еко-одборот;

## 29. Извештај од матурскиот испит (државна матура и завршен испит) во СОУ „Гоце Делчев" Валандово

Во постоечкиот Закон за средното образование, испитите на крајот на четиригодишното средно образование се пропишани во:

- членот 33: ,,учениците во гимназиското образование полагаат државна матура или училишна матура";
- членот 35: ,,по завршувањето на јавното стручно образование со четиригодишно траење, учениците полагаат државна матура или завршен испит";

Во рамките на училиштето , на самиот почеток, во месец септември на учебната 2023//2024 година е формирана **Училишна матурска комисија** (УМК) која во соработка со ДИЦ (Државниот испитен центар) ги реализираат предвидените активности како што се организацијата и спроведувањето на екстерните испити, интерните испити и одбрана на реализираните проектни задачи. Секоја училишна матурска комисија (УМК) е составена од претседател, заменик-претстедател, секретар и членови.

### Училишна матурска комисија, состав и надлежности

Претседател на УМК во СОУ „ Гоце Делчев" Валандово во учебната 2023/2024 година е директорот на училиштето ( м-р Ташка Гетова ) и се грижи за заштита на тајноста на испитниот материјал и севкупната организација на државната матура во училиштето. Значајна улога во организација на државната матура има секретарот на УМК (м-р Стојан Манолев) и неговите главни задачи се: прибирање пријави од

кандидати, внес на податоците од пријавите на кандидатите во базата на податоци, верификација на податоците од пријавените кандидати (со другите членови на УМК), обезбедување просторни услови (со претседателот на УМК), учество при прием и проверка на испитниот материјал (со претседателот на УМК). Заменик претседателот (Марија Коцева) и членовите се од редот на класните раководители ( Дарко Калковалиев, Јаворка Стојанова и Елена Гошевска).

Структурата на државната матура во учебната 2023/2024 година, согласно Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование, е следната при што матурантите полагаат: **два екстерни, два интерни испити и проектна задача**.

Поконкретно, според видот на образованието структурата на државната матура за **гимназиско образование** е**:**

1. Екстерен дел - задолжителен наставен предмет: Македонски јазик и литература - изборен наставен предмет: Математика или странски јазик (Англиски јазик или Француски јазик
2. Интерен дел - два изборни наставни предмети: се бираат од Листата на општообразовни наставни предмети за полагање државна матура. 3. Проектна задача.

Структурата на државната матура за **четиригодишно средно стручно образование е:**

1.Екстерен дел - задолжителен наставен предмет: Македонски јазик и литература - изборен наставен предмет: Математика или странски јазик (Англиски јазик). 2. Интерен дел - изборен наставен предмет: се бира од Листата на општообразовни наставни предмети за полагање државна матура; - изборен наставен предмет/пакет: се бира од Листата на стручни наставни предмети за полагање државна матура. 3. Проектна задача.

Проектната задача е составен дел од држаната матура, училишната матура и завршниот испит. Проектната задача, како составен дел од државната и училишната матура, претставува проучување на проблем што ученикот го избира од некој (некои) од наставните предмети или пошироко од образовните области. Проектната задача, како составен дел од завршниот испит, служи за проверка на практичната оспособеност на ученикот за вршење на работи од областа на струката.

Временските рокови за изготвување на проектната задача се утврдени со Правилникот за полагање на матурски, односно завршен испит. При нивното утврдување се земени предвид: видот, природата на проектната задача, степенот на ангажираноста на учениците и видот на активностите кои треба да се реализираат во рамките на задачата.

При подготовката на проектната задача, независно од кој вид е таа, **ученикот треба да ги почитува следните рокови**:

- да избере и дефинира тема (истражувачко прашање) во почетокот на четврта година, најдоцна до крајот на **месец ноември;**
- За полагање на државна матура во јунскиот испитен рок кандидатот се пријавува со поднесување на пријава во училиштето каде што е запишан, најдоцна до **31 декември во тековната учебна година.**
- изработената проектна задача ученикот треба да ја предаде на наставникот - ментор **најдоцна до крајот** на **март** во годината кога ги полага матурските испити.

**Реализирани активности**

Вкупниот број на матуранти кои електронски се пријавени во базата на ДИЦ за полагање на испити од државна матура во јунскиот испитен рок изнесува: 36 ученици за **македонски јазик и литература**, сите редовни ученици; 33 **англиски јазик** од кои се 2 вонредни ученици и **математика** 5 ученици; Вонредните ученици се пријавени само за полагање на изборниот предмет англиски јазик од државна матура, не положен од претходната учебна година.

Вкупен број на ученици кои се пријавиле за завршен испит е 13.

**Проектна задача** во СОУ „Гоце Делчев“ Валандово во учебната 2023/2024 година пријавиле: од IV1 клас - 16 ученици, IV2 - 13 ученици, или **29** ученици од гимназиско образование и IV3 - 13 ученици и од IV4 клас 7 ученици или вкупно **20** ученици од средно стручно (земјоделско-ветеринарна струка);

Вкупен број на редовни ученици од гимназиско и средно стручно образование кои се пријавиле да полагаат матурски испит е 49.

Од пријавените ученици кои изработиле проектната задача, реализирана на **11.04.2024** година не се јавил за одбрана на истата во предвидениот рок само1 ученик (Илиев Филип).

Согласно Календарот за организација на учебната 2023/2024 година во јавните средни училишта (Сл. весник на РСМ, бр. 229/20) екстерните испити од државната матура се реализираа во:

**Јунската испитна сесија на:**

**01.06.2024** – македонски јазик и литература, **08.06.2024** – математика и англиски јазик

Резултати:

**Македонски јаик и литература**/пријавени: 36 од кои ____ положиле, ___ не положиле;

**Англиски јазик**/пријавени: 33, од кои _____ положиле, ______ не положиле;

**Математика**/пријавени: 5, од кои _________ положиле, ______ не положиле;

Испити спроведени на **интерно ниво** во училиштето се реализираа во деновите :

**11.06.2024 – македонски јазик и литература** – задолжителен дел од завршниот испит: 13 пријавени ученици, 3 не се појавиле на испитот (Џанер Мемишов,Огузхан Ибраимов и Бурак Османов);

**18.06.2024** – прв интерен испит за завршен испит и државна матура:

**Изборен пакет фитофармација/земјоделска аптека**: 7 ученици (3 не се појавиле на испит: Илија Дескоски, Џанер Мемишов и Антонио Пенов);

**Изборен пакет сточарство**: 12 ученици, сите се појавиле на испит;

**Историја**: 4 ученици, сите се појавиле на испит;

**Информатика** ( теориски и практичен дел): 6 ученици, сите се појавиле на испит;

**Хемија** : 2 ученика, се појавиле на испит;

**25.06.2024**

**историја**: 8 ученици, сите се појавиле на испит;

**математика**: 3 ученици, сите се појавиле на испит;

**социологија:** 6 ученици, сите се појавиле на испит;

**англиски јазик:** 3 ученици; сите се појавиле на испит;

**географија**: 6 ученици, сите се појавиле на испит;

**биологија**: 9 ученици, 1 не се појавил на испит (Ѓунер Мамутов) и

**физика** : 1 ученик

**28.06.2024**

**физика**: 1 ученик

Резултати од спроведените интерни испити: положиле:________, не положиле _________.

Во августовскиот испитен рок можат да се пријавуваат само кандидати кои се пријавиле во јунскиот испитен рок во тековната година. Учениците кои биле пријавени во јунскиот испитен рок а не положиле некој од екстерните испити, интерните испити или проектната задача, имаат можност да се пријават за **августовската испитна сесија на :**

**12.08.2024**– македонски јазик и литература,
**14.08.2024**– математика, англиски јазик или француски јазик.
Терминот за проектната задача се утврдува по договор со училишните проектни/предметни комисии.

Податоци за матурантите од СОУ „ Гоце Делчев “ Валандово од учебната 2023/2024 година за ученици кои **завршиле четиригодишно средно образование, на крајот од августовската испитна сесија** е даден во табелата како прилог:*[1]

| Вид на образование | Наставен јазик | Број на ученици | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Државна матура | | | | Училишна матура | | | | Завршен испит | | | | Без диплома* | | | |
| | | редовни | | вонредни | | редовни | | вонредни | | редовни | | вонредни | | редовни | | вонредни | |
| | ПОЛ | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| гимназиско образование | македонски јазик | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | албански јазик | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | турски јазик | | | | | | | | | | | | | | | | |
| стручно образование | македонски јазик | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | албански јазик | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | турски јазик | | | | | | | | | | | | | | | | |
| средно уметничко образование | македонски јазик | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | албански јазик | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | турски јазик | | | | | | | | | | | | | | | | |
| вкупно | македонски јазик | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | албански јазик | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | турски јазик | | | | | | | | | | | | | | | | |

Извештајот е подготвен од секретарот на УМК:
м-р Стојан Манолев,

## 30. Извештај за Професионален развој на наставниците

Тимот за професионален развој на наставниците го сочинуваат:
1.Елизабета Чилевска Пандева
2. Васе Митев
3. Стојан Манолев
4. Љубица Невеселова
5. Претседатели на стручни активи

[1] Одредени информации број на ученици кои положиле на интерните и екстерните испити ќе бидат запишани по објавување на резултатите од училишните предметни комисии и ДИЦ.

Професионалниот стручен развој на наставниците подразбира индивидуално усовршување спроведено интерно од страна на училиштето и надворешни усовршувања и дообуки кои го врши Министерството за образоване и наука и Бирото за развој на образованието и други соодветни тренери, обучувачи и институции.

Наставниците редовно следеа обуки и семинари организирани или поддржани од МОН И БРО, а и самостојно се усовршуваат, интерно во училиштето или вон училишни рамки преку најразлични обуки во земјата и странство, потоа меѓуучилишни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење.

Реализирани беа обуки на следниве теми: Начини на превенција и справување со насилство во училиштето , Промоција на безбедна училишна средина, Инклузивна педагогија, Зголемување на атрактивноста,инклузивноста и релевантноста на стручното образование и образованието за возрасни, Современиот наставник применува и развива кај учениците критичко мислење, Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи, Обука на обучувачи за методи на поучување за активирање на учениците, Формативно оценување, поддржувачка и инклузивна средина за учење и самооценување и меѓусебно оценување на наставниците. За некои од обуките имаше и дисеминација за наставници во училиштето. Обуки ќе продолжат да се реализираат и во наредната година.

## 31. Прилози

| Успех на крајот на учебната година 2023/24 год. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| паралелки | Ученици во паралелката | | | Одлични | | | Мн. добри | | | Добри | | | Доволни | | | Завршиле година | | | Ученици кои не завршиле | | |
| | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк |
| I- 1 | 2 | 4 | 6 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 | 0 | 0 | 2 | 3 | 5 | 0 | 1 | 1 |
| I-2 | 8 | 3 | 11 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 5 | 1 | 6 | 2 | 0 | 2 | 8 | 1 | 9 | 0 | 2 | 2 |
| Гим | 2 | 4 | 6 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 | 0 | 0 | 2 | 3 | 5 | 0 | 1 | 1 |
| I-3 | 2 | 7 | 9 | 1 | 3 | 4 | 0 | 1 | 1 | 1 | 3 | 4 | 0 | 0 | 0 | 2 | 7 | 9 | 0 | 0 | 0 |
| I-4 | 17 | 3 | 20 | 3 | 0 | 3 | 2 | 0 | 2 | 6 | 1 | 7 | 3 | 2 | 5 | 14 | 3 | 17 | 3 | 0 | 3 |
| Стручно | 27 | 13 | 40 | 4 | 3 | 7 | 3 | 1 | 4 | 12 | 5 | 17 | 5 | 2 | 7 | 24 | 11 | 35 | 3 | 2 | 5 |
| Вкупно | 29 | 17 | 46 | 6 | 3 | 9 | 3 | 1 | 4 | 12 | 8 | 20 | 5 | 2 | 7 | 26 | 14 | 40 | 3 | 3 | 6 |
| II-1 | 4 | 7 | 11 | 4 | 4 | 8 | 0 | 3 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 7 | 11 | 0 | 0 | 0 |
| II-2 | 5 | 7 | 12 | 0 | 3 | 3 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 4 | 1 | 0 | 1 | 4 | 6 | 10 | 1 | 1 | 2 |
| Гим | 4 | 7 | 11 | 4 | 4 | 8 | 0 | 3 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 7 | 11 | 0 | 0 | 0 |
| II-3 | 1 | 4 | 5 | 0 | 2 | 2 | 1 | 2 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 4 | 5 | 0 | 0 | 0 |
| II-4 | 14 | 1 | 15 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 11 | 1 | 12 | 1 | 0 | 1 | 14 | 1 | 15 | 0 | 0 | 0 |
| Стручно | 20 | 12 | 32 | 1 | 5 | 6 | 3 | 3 | 6 | 13 | 3 | 16 | 2 | 0 | 2 | 19 | 11 | 30 | 1 | 1 | 2 |
| Вкупно | 24 | 19 | 43 | 5 | 9 | 14 | 3 | 6 | 9 | 13 | 3 | 16 | 2 | 0 | 2 | 23 | 18 | 41 | 1 | 1 | 2 |
| III-1 | 9 | 9 | 18 | 4 | 6 | 10 | 3 | 3 | 6 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 9 | 9 | 18 | 0 | 0 | 0 |
| III-2 | 7 | 6 | 13 | 0 | 4 | 4 | 2 | 1 | 3 | 3 | 0 | 3 | 2 | 1 | 3 | 7 | 6 | 13 | 0 | 0 | 0 |
| Гим | 9 | 9 | 18 | 4 | 6 | 10 | 3 | 3 | 6 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 9 | 9 | 18 | 0 | 0 | 0 |
| III-3 | 2 | 4 | 6 | 1 | 3 | 4 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 4 | 6 | 0 | 0 | 0 |
| III-4 | 16 | 0 | 16 | 2 | 0 | 2 | 4 | 0 | 4 | 10 | 0 | 10 | 0 | 0 | 0 | 16 | 0 | 16 | 0 | 0 | 0 |
| Стручно | 25 | 10 | 35 | 3 | 7 | 10 | 7 | 2 | 9 | 13 | 0 | 13 | 2 | 1 | 3 | 25 | 10 | 35 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 34 | 19 | 53 | 7 | 13 | 20 | 10 | 5 | 15 | 15 | 0 | 15 | 2 | 1 | 3 | 34 | 19 | 53 | 0 | 0 | 0 |
| IV-1 | 8 | 8 | 16 | 2 | 4 | 6 | 6 | 2 | 8 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 8 | 8 | 16 | 0 | 0 | 0 |
| IV-2 | 6 | 7 | 13 | 4 | 5 | 9 | 1 | 0 | 1 | 1 | 2 | 3 | 0 | 0 | 0 | 6 | 7 | 13 | 0 | 0 | 0 |
| ГИМ | 14 | 15 | 29 | 6 | 9 | 15 | 7 | 2 | 9 | 1 | 4 | 5 | 0 | 0 | 0 | 14 | 15 | 29 | 0 | 0 | 0 |
| IV-3 | 8 | 4 | 12 | 1 | 0 | 1 | 1 | 2 | 3 | 4 | 2 | 6 | 1 | 0 | 1 | 7 | 4 | 11 | 1 | 0 | 1 |
| IV-4 | 5 | 2 | 7 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 4 | 1 | 0 | 1 | 5 | 2 | 7 | 0 | 0 | 0 |
| Стручно | 13 | 6 | 19 | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 | 8 | 2 | 10 | 2 | 0 | 2 | 12 | 6 | 18 | 1 | 0 | 1 |
| Вкупно | 27 | 21 | 48 | 7 | 11 | 18 | 8 | 4 | 12 | 9 | 6 | 15 | 2 | 0 | 2 | 26 | 21 | 47 | 1 | 0 | 1 |
| Стручно | 85 | 41 | 126 | 9 | 17 | 26 | 14 | 8 | 22 | 46 | 10 | 56 | 11 | 3 | 14 | 80 | 38 | 118 | 5 | 3 | 8 |
| ГИМ | 20 | 26 | 46 | 12 | 13 | 25 | 7 | 5 | 12 | 1 | 7 | 8 | 0 | 0 | 0 | 20 | 25 | 45 | 0 | 1 | 1 |
| Училиште | 114 | 76 | 190 | 25 | 36 | 61 | 24 | 16 | 40 | 49 | 17 | 66 | 11 | 3 | 14 | 109 | 72 | 181 | 5 | 4 | 9 |

*30.08.202 г.*

*Директор*___________________________

*Валандово*

*/ /*

*Претседател на УО*

____________________________

*/*

*/*